**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Осумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 декември 2004 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранинето на Република Македонија, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 83-та седница на Собранието на Република Македонија

Пратениците Весна Борозан, Есад Рахиќ, Ванчо Ѓоргиев, Трифун Костовски, Али Ахмети, Г'зим Острени, Мендух Тачи, Никола Груевски, Љубчо Георгиевски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев и Слободан Чашуле ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Бидејки во има 25 пратеници потпишано, тоа значи дека не можеме да продолжиме, затоа што имаме избор на судии и затоа давам пауза до 10 часот и 30 минути, за да се соберат пратениците.

(Седницата прекина со работа во 10 часот и 2 минути).

(По паузата седницата продолжи со работа во 10,30 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници продолжуваме со работа по 9-та точка.

**Предлог за разрешување на судии на основните судови во Дебар, Кочани и Струмица.**

Отворам претрес по Предлогот Аксел Сулејманов да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Струмица.

Ве молам, кој бара збор.

Повелете г-дине Караџоски имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, за овој случај за разрешување на г-динот Аксел Сулејманов, судија во Основниот суд во Струмица, ако за претходните можеби имавме некаква забелешка, особено за претседателто на Основниот суд,

овде е еклантантен пример на една оправдана одлука на Републичкиот судски совет поврзана со правосилна пресуда, пресуда на Основниот суд во Струмица која е потврдена од Апелациониот суд во Штип каде што е изречена казна затвор од 6 месеци на г-динот и тоа за примање на поткуп.

Исто така како една од причините која му се става на товар на овој г-дин е тоа што не презел дејствија по однос на 39 прекршочни предмети. Сакам да кажам дека ова јасно укажува дека ваквите судии не заслужуваат да бидат судии, оние кои што не само несовесно постапувале по одреден број предмети, туку за да постапуваат или за да донесуваат одлуки онака како што сметаат на начин како што земаат поткуп зборува дека на вакви лица не им е место во судството и зборува и друг податок дека очигледно корупцијата е доста застапено во судството и ова е само еден односно еден доказ дека таа таму постои.

Се надевам дека Републичкиот судски совет имајќи ги своите ингиренции, но не само Републичкиот судски совет туку и сите други органи во Република Македонија ќе преземат соодветни мерки и за санирање на ваквите случаи затоа што не е непознато не е мал примерот на судии кои што на овој или на сличен начин работат во Република Македонија, само е прашањето кој е фатен конкретно и против кого се има поведено постапка.

Начинот односно предлогот со кој што се предлага овој судија да биде разрешен само зборува дека корупцијата во Република Македонија е инфилтрирана во сите сегменти вклучително и во судската власт како што не е спорно и во другите власти во Република Македонија, тоа е неспорен факт. Ако ова треба да биде опомена за другите судии секое вакво дејствие треба да биде казнувано, а кога пак ги бираме судиите треба навистина да сметаме, кога ги гласаме овде прет се да тргаме од нивната чесност и подготвеност да работат со законите во Република Македонија.

Во овој конкретен случај нема никаква дилема дека овој судија треба да биде разрешен и затоа ние ќе гласаме за.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата како позиција така опозиција, бидејќи сега се изјаснивте за, дека ќе гласате.

Би ја повикал и опозицијата да влезе.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Благодарам.

Предлогот Аксел Сулејманов да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Струмица, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници. 58 за, воздржани нема, против нема.

Во салата се присутни 65 пратеника.

Констатирам дека Аксел Сулејманов, е разрешен од функцијата судија на Основнито суд во Струмица.

Се враќаме на 6-та точка од дневниот ред, бидејки се тука предлагачите, Основен суд Скопје 1-Скопје е предлагач.

**Шеста точка-Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд Скопје 1-Скопје.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Повелете г-дине Мавровски имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе, се надевам дека предлагачите денеска се тука бидејќи оваа точка на дневниот ред на вчерашната седница беше одложена за денеска.

Неколку пати ние како пратеници и како Собрание гласавме за овие листи на судии поротници. Мислам дека ова што го имаме пред нас тоа се дописите од основните судови Скопје 1- со судски број 571 од 16.11.2004 година, кој што е примен во Собранието на Република Македонија на 18.11.2004 година и Скопје 2- со судски број 1473 од 19.11.2004 година кој што е примено во Собранието на 22.11.2004 година. Доставени ни се предлози за избор на 320 судии поротници во Основниот суд Скопје 1 и 304 судии поротници во Основниот суд Скопје-2. Истото е направено врз основа на член 31 став 2 од Законот за судовите и ни е предложено ние како Собрание да ги избереме судиите поротници затоа што овие ги исполнуваат условите од член 46 од Законот за судови.

За изборот на овие судии објавени се огласи во дневните весници “Дневник” и “Флака е Влазеримит” и на истиот оглас се пријавиле 471 кандидат , а се избрани 304. Симптоматично е да со овој вкупен список ние гласаме за сите судии поротници заедно, но кога ги имавме списоците на јавните обвинители и покрај тоа што

предлозите доаѓаа од Републичкиот судски совет заеднички без никакви аргументи од 145 обвинители 8 испаднаа, но без апсолутно објаснување што се случи и на вчерашната седница при изборот на судиите кога толку ноншалантно за само одреден но изгледа добро познати на позицијата судии истите не беа избрани и покрај предлогот на Републичкиот судски совет.

Што можам јас како пратеник да кажам за овие листи и истите да ги бирам без ниту еден единствен податок освен во едниот од нив годна на раѓање и стручна подготовка. Дали листите треба да бидат исти, дали и колку од судиите поротници се повторуваат и на двата списоци и зошто, ако веќе имало повеќе кандидати дали тие не ги исполнувале условите или пак овие се толку обучени да можат и мораат да бидат ова што ќе бидат.

Имаме неколку екстремни случаи кои при разгледувањето на списокот паѓаат во очи барем според мене, незнам за другите пратеници, но не би сакал да ги именувам луѓето, би ги кажал под реден број како што се заведени во списокот. Реден број 118 има човек кој што е роден 1927 година. Јас незнам дали некој овој податок го проверил, дали податокот е точен, значи тоа е 77 годишен човек кој што го избирале за судија поротник, можеби неговите ментални квалитети се толку познати и добро познати да човекот можеби со години station наназад е судија поротник. Се надевам дека ќе добијам објаснување од господата кои што го предлагаат овој список.

Под реден број 280 имаме човек кој што е роден 1930 година, малку помлад од него, но зато под реден број 297 имаме човек кој што е роден 1985 година, значи со неполни 19 години е предложен за судија поротник. Ако треба, како што кажувавте вчера, да бидат млади или треба да бидат искусни во случајов тие две работи за овие кандидати апсолутно не можеме да ги сврземе.

И, на крајот, претпоставувам има една грешка, се надевам дека е грешка затоа што под реден број 181 имаме кандидат кој што е роден 1848 година. Гледајќи ги претходните веќе претпоставувам дека може и се да се случи затоа се надевам дека е грешка и да застанеме тука затоа што ако почнеме со ред да ги гледаме сите овие предлози мислам дека како што ги гласавме и како што сакавте вчера да ги гласаме судиите и така треба да ги гласаме, ако се работи за судии кои што се одговорни тогаш треба истото да го нарпавиме и сега и да добиеме објаснување за секој поединечно и граѓаните во Република Македонија да знаат кого и зошто е биран. Кои услови ги исполнува, а оној што не е биран кои услови не ги исполнува за да не биде биран.

Дали господа имате објаснување кои како ги бира овие судии поротници зошто читајки го објаснувањето на еден судија поротник кој што вчера многу елегантно г-дине претседателе, вие ја покажавте неговата неотповилива оставка, но многу е симптоматично она поради кое што тој ја дал оставката и каде што вакви судии поротници го кажуваат. “Оставката ја поднесувам поради ангажирањето на местото поротник, само на поротници блиски до судиите и до референтот кој одредува судии поротници во судските совети, како и поради формалното присуство на судењето т.е. без право на глас во одлучувањето особено кај поединени судии.

Оставката е неотповиклива” г-диенот Блажевски Стојан од Гостивар.

Кога веќе сакаме да говориме за отповикување треба да ги кажеме и условите.

Јас би поставил неколку прашања до предлагачот и воопшто до Републичкиот судски совет кој е одговорен бидејки ова не е моја област, но во секој случај доста ме заинтригира  сето ова доставено до пратениците и ние сме тие што треба да ставиме потпис и да ги назначиме овие луѓе и утре ќе кажеме дека со потпис од Собрание овие се назначени. Значи, што со функцијата судија поротник, тоа е првото прашање. Дали е само ова формално-правно задоволување на одредени услови во судовите, дали сме ние тие пратениците да ги бираме овие судии поротници, а и останатите судии кои добиле подршка од нивната фела, но од нас не зошто се проитв желбите на политичките партии и тогаш многу често го слушаме тоа отука дека говориме за независна судска власт, но независна судска власт само за оние судии кои што се наши и кои што можат понатаму да работат, овој парадокс и сега се прашувам дали ќе треба да дискутираме и бираме поединечно или повторно остануваме на истиот вкупен список.

Вчера не бевте присутни, денеска сте тука, мислам дека и од останатите пратеници ќе има прашања за одредени личности, за жал ние не ги знаеме. Ако е се ова формално-правно, тогаш мислам дека и Парламентот апсолутно не треба да се занимава со вакви работи затоа што потписот и назначувањето од Парламентот е една голема работа која што во случајот за 320 луѓе од едниот список и 304 луѓе од другиот список, мислам дека некаде околу 100 и нешто се повторуваат, а кажувате дека имало 471, незнам зошто другите не се бирани, по кои услови и по кои правила. Затоа мислам дека како предлагачи сте должни едно објаснвуање пред колегите пратеници за да можеме да знаеме за што всушност ние ќе гласаме. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд Скопје 1-Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 59 за, 6 воздржани, 5 против.

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд Скопје 1-Скопје се избрани предложените кандидати.

**Точка 7- Предлог за избор на судии поротници на Основниот суд Скопје 2-Скопје.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес, ве молам , кој бара збор.

Повелете г-дине Мавровски, имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас се обратив до предлагачот, предлагачот се чини или не сака или не знае кој кого предлага овде. Мислам дека вие многу бегло поминувате преку некои работи, без никакво објаснување. Сепак пратениците се тие што во овој момент, по овој список, јас мислам дека списокот на Основниот суд Скопје 1 помина и гласавме така, би сакал за списокот кој што е во Основниот суд Скопје -2 да гласаме поединечно. И, со тоа што некои од пратениците има за некого да каже нешто, мислам дека треба да ни се објасни зошто, кој , како е биран.

Јас уште еднаш стојам и ќе повторам под реден број да не ги кажуваме имињата бидејки очекував нешто ќе прокоментирате и ќе кажете зошто и кој и како е избран, предлагач на овој суд е г-динот претседател на судот Бојан Ефтимов, се надевам дека тој е тука.

Под реден број 118 човек роден 1927 година, под реден број 280 - роден 1930 година, под реден број 297-роден 1985 година, под реден број 181 роден-1848 година. Ако треба вака да го поминеме списокот и да е техничка грека, мислам дека требаше да имате доблес да кажете ова да се поправи. Вие поминувате преку сето ова и сега испаѓа ние како да коментираме тука, никој не не слуша, луѓето се избрани и застануваме на тоа. Од овој список и списокот што го имате на Скопје -1, очекуваме да ни кажете како може тие сто и нешто луѓе, тука се и двата списоци, може и нешто повеќе, мислам барем толку како пратеници имаме право бидејки го барате нашиот глас да гласаме една листа од 304 луѓе.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави г-динот Бојан Ефтимов.

БОЈАН ЕФТИМОВ:

Јас сум Бојан Ефтимов, претседател на Основен суд Скопје 2.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Точно е тоа дека со Одлука на Собранието на Република Македонија во Основниот суд Скопје 2 се определени 304 судии поротници, што е објавено во "Службен весник на Република Македонија " број 24 од 15 мај 1996 година. На објавените огласи во дневните весници " Дневник" на македонски јазик и во "Флака и Влазеримит" - маркетинг на албански јазик се пријавија 471 кандидат за судии поротници. Согласно член 46 од Законот за судови, за судија поротник во Основниот суд може да биде избран секој полнолетен државјанин на Република Македонија кој што ужива углед во таа функција. За судија поротник за судење на малолетници може да биде избран кандидат кој има долго искуство во воспитувањето и образованието со млади лица.

Основен критеријм за избор на судии поротници : ги имавме предвид овие критериуми што се дадени во Законот за судови, член 46. Ограничување во однос на старосната граница нема. Општ минимум е полнолетен граѓанин, 18 години, општ максимум е додека е жив и способен може да ја обавува функцијата поротник, ако е избран и има мандат.

Меѓутоа, се раководевме од еден основен критериум, искуството. Затоа, можеби е и чудно што во списокот како што наведе претходно пратеникот има кандидати кои се родени 1930 година Таки Костовски, Џелал Алија 1985 година, и како што рече пратеникот Зекир Еминовски е роден 1927 година. Точно, ова е и поранешен протник во судот, Зекир Еминовски, со добро психофизичко здравје, меѓутоа , судот се раководеше и од еден друг аспект, да има соодветна застапеност и од националностите. Бидејќи тој број од националностите беше многу мал, затоа овие кандидати за кои смета пратеникот дека се со одминати години и родени 1985 , 1975 година, причината е тоа што се ставени на списокот кандидати за судии поротници. Тоа што е напишано 1848 година очигледно е техничка грешка и треба да стои 1948 година. Затоа, ова не треба да создава забуна.

Кандидатите 471 што се пријавија, бидејќи беа претежно млади луѓе, невработени, судот сметаше дека не смее оваа функција судија поротник да биде сватена како професија и судот не смее да биде претворен во Завод за вработување или Центар за социјални работи.

Основно за судии поротници: од образование треба да има завршено најмалку средно образование, а поголем дел од кандидатите имаат завршено и високо и вошо образование.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине Мавровски имате реплика три минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Добро, за ова има некакво објаснување, но многу контрадикторно. Во првиот момент кажувате единствен услов е да биде полнолетен, сега кажуваме дека треба да биде искусен, а има луѓе родени 1985 година, со 19 години, значи немаат апсолутно никакво искуство и уште многу луѓе кои се родени во 1982-1983 година. Без разлика на сето тоа, и за бројот на националностите, ако стигнато од националностите, освен човек роден 1927 година, да нема помлад да биде на тој список, мислам дека веќе имаме проблем. Таква не е ситуацијата, има многу млади луѓе кои завршиле и се согласувам со вас дека ова не треба биро за вработување, но испаѓа дека ова за некои луѓе претставува некоја хонорарна работа каде треба да се појават. Колкавото е нивното искуство како судии поротници оставаме на вас, затоа што не ни кажавте истите овие луѓе се и во двата суда. Да не почнам сега да ги читам имињата на луѓето, затоа што ќе излезе дека водиме дебата, затоа што поголем број од овие луѓе се и во Основниот суд Скопје 1 и во Основниот суд Скопје 2. Затоа, мислам дека ако се критериумите да биде полнолетен и завршено средно образование, тогаш се е во ред, да има и помлади и секоја година или при наредниот избор, како што кажавте ако бил претходниот 1996 година, повторно треба да има нови луѓе кои сигурно ќе донесат напредок и ќе го знаат барем делот од својата област каде ќе можат да им помогнат на судиите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави г-динот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Навидум една формална работа која ја поминуваме во Парламентот многу формално, така да речам без поголемо внимание, јас сум многу среќен што г-динот Мавровски отвори една тема која што е многу значајна, затоа што фактот дека судиите поротници и нивното учество во судењето, потребата од нивно присуство и начинот на кој тие треба да бидат вклучени во постапките кои се водат пред судовите, е истовремено основната цел која треба да се постигне со нивното вклучување, односно тоа што тие треба да бидат навистина угледни граѓани кои ќе

ги штитат интересите на општествената заедница и на граѓаните од кои тие произлегуваат и кои треба да ги застапуваат при одлучувањето во овие постапки, навистина треба да биде една од целите кои треба да се постигнат при решавањето на проблемите на судскиот систем во Република Македонија.

Меѓутоа, кога се зборува за изобр на судии поротници, навистина самиот начин на кој се врши тоа, иако е тоа законски предвидено, не може да значи квалитетен избор на кандидати за судии поротници од ледноставна причина што самата нивна функција не може да биде избор од страна на претседателот на судот, затоа што тие не го претставуваат претседателот на судот ниту пак судот, туку треба да ги претставуваат граѓаните од територијата на која има месна надлежност судот за кој се избираат.

Значи фактот што самиот начин на избор треба да се промени, меѓутоа, и при ваков избор каков што е сега предвиден со Законот треба да се внимава на почитување на основната функција која треба тие да ја вршат односно да ги претставуваат граѓаните од таа општествена заедница. Од друга стрна, факт е дека во Законот стои дека треба да бидат полнолетни, меѓутоа, факт е и дека судиите се пензионираат на 65 годишна возраст. Значи, ако зборуваме за заедничко одлучување, треба да се земе предвид и состојбата затоа што факт е дека при ист судски состав , значи судови заедно со судии поротници мора да се одвива целокупната постапка. Тие треба да бидат во психофизичка кондиција за да можат да бидат постојано присутни на сите рочишта, а од друга страна директно да можат да влијаат, да наметнуваат свои ставови и свои аргументи во функција на почитувањето на законите односно примената на правото, правораздавањето во Република Македонија.

Заради тие причини сметам дека самиот факт што има луѓе што се во години, кои во многу ги надминуваат тие лимити што постојат за судиите, не би требало тоа да биде изговор дека законски тоа е дозволено, туку фактот дека навистина на тој начин не се остварува функцијата што треба да ја обавуваат судиите поротници, туку напротив се создава проблем во самото постапување на судовите затоа што се јавува потреба заради здравствени или други причини да се менува составот на судските совети заради неможноста на судиите поротници да го издржат тоа темпо на работа.

Од тие причини, сметам дека она што важи за судиите до 65 години, иако децидно не е наведено во Законот, логично е и потребно да биде применувано и за

судиите поротници и на тој начин да се води сметка за функционирање на судовите односно за поефикасно и побрзо спроведување на судските постапки.

Од друга страна, критериумите во однос на искуството , ако искуството претставува критериум, прашање е за какво искуство зборуваме. Зборуваме за лица кои имаат завршено најмалку средно образование, меѓутоа, и лица кои имаат искуство. Искуство во што, искуство како судии поротници или искуство во некој правен субјект или незнам какво друго животно искуство или незнам што друго. Ова се едни многу општи критериуми што доведуваат до една ситуација секој поединец преку стручни соработници, преку судии, преку претседатели на судови, на најразлични начини преку вработени во судовите да бараат начини да влијаат на тоа да бидат избрани за судии поротници не заради тоа да се оствари функцијата на судијата поротник, туку напротив за да можат да ги обезбедат средствата што се даваат надоместок за нивниот ангажман. Значи, оваа функција што тие ја вршат се претвора во задоволување на материјалните интереси на тие лица што се пријавуваат за судии поротници, а не за остварување на суштината поради која тие се таму, а тоа е пред се директно да учествуваат во сите фази од постапката и да можат да ги презентираат сите негативности или позитивни аспекти на секој поединечен случај што ја засега пошироката заедница од која тие произлегуваат.

Затоа, сметам дека ова е работа која треба да се промени, не би смеело Собранието да се доведе во ситуација само да верификува нешто со кое не се постигнува ништо друго освен што формално се лзадоволуваат законските прописи да мора при судењето да учествуваат судиите поротници. Заради тоа сметам дека не треба многу да се дискутира на оваа тема, нема што многу да измениме, ако има поединечни случаи како што кажа г-динот Мавровски треба евентуално да се повлечат некои лица за да не се доведуваме во таква ситуација да гласаме за нешто што не може после да функционира, а од друга стран ова треба да биде приоритетна задача и на судовите, да ги иницираат овие проблеми кои ги имаат, а и сигурен сум дека ги имаат затоа што ги имам тие информации и на тој начин да се измени целокупната поставеност на изборот и именувањето на судиите поротници, па и начинот на кој треба да биде вклучена јавноста односно граѓаните во одлучувањето во судските постапки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Топузова, имате реплика три минути.

РОЗА ТОПУЗОВА -КАРЕВСКА:

Во целина се согласувам со дискусиите на почитуваниот г-дин Спиро Мавровски и на мојот колега Блаже Стојановски и навистина сметам дека треба да се измени самиот начин на избор на судиите поротници, да се воведат критериуми. Особено треба да се има предвид дека тие треба да ги претставуваат граѓаните, за што морам да признам дека многу малку се води сметка при нивниот избор и многу често истите поротници се избираат многу пати едно по друго.

Меѓутоа, по малку сум изненадена зошто колегата Стојановски истата дискусија не ја кажа кога беше изборот на судии поротници во Прилеп, каде што многу малку се почитувале овие критериуми кои сега самиот тој и г-динот Спиро Мавровски ги наведе. Се надевам дека ќе треба малку пообјективно да пристапуваме кон изборот и кога ќе ги кажуваме критериумите не само за еден суд туку на сите поротници некаде во Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Стојановски, имате една минута контрареплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Што да одговорам? Јас кажав дека суштината на проблемот е во начинот на избор и во формално законските услови кои мора да ги задоволуваат судовите за да може на законски начин да ги спроведуваат судските постапки. Судот во Прилеп не е во ништо различен затоа што тој работи по истите закони како што работат и сите други судови во Република Македонија.

Овде не сум претставник само на Прилеп и не можам да зборувам само за Прилеп затоа што ова претставува една ситуација која треба да се реши на ниво на Република Македонија. Од тие причини, сметам дека репликата немаше никаква логична причина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата. Има доволно присутни.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд Скопје 2 - Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 60 пратеници гласале за, двајца воздржано и двајца против.

Констатирам дека за судии поротниви во Основниоте суд Скопје 2 Скопје се избрани предложените кандидати.

**Преминуваме на 10-та точка :**

**Предлог на одлука за именување на заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие Македонска Радио Телевизија**

Предлогот на Одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 62 пратеника гласале за, еден воздржано, нема против.

Констатирам дека Нази Буши е именуван за заменик генералниот директор на ЈП Македонска Радио Телевизија.

**Преминуваме на 11-та точка**

**Предлог на одлукал за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 65 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Преминуваме на 12-та точка**

**Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев"**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 59 пратеници гласале за, нема воздржани, еден е против. Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Преминуваме 13-та точка**

**Предлог на одлука за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 62 пратеника гласале за, нема воздржани, еден е против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

**Минуваме на точка 14 - Предлог на одлука за огласување избор на судија на претседател на Основниот суд во Свети Николе.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 63 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точка 15 - Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Кочани, Радовиш, Струмица и Тетово.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 65 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точка 18 - Предлог на одлука за основање Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеника, 67 гласале за, еден воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

За точките 19, 20 и 21 немаме претставник.

**Минуваме на точка 22 - Предлог на закон за спречување на насилството и недостојното о днесување на спортските натпревари.**

Законот е предложен од група пратеници, на чело со господинот Иван Анастасовски.

Предлогот на законот, извештајот на Комисијата за образование, наука и спорт и дописот од Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Предлагачите на законот поднесоа амандман на член 7 став 2 алинеја 3 и за додавање нова алинеја 4 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор?

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Еве многу брзо, многу претставници од Владата ги нема, дали ќе дојдат да ја завршиме седницата, но тука се колегите кои го предложија овој закон.

Мислам дека и претходниот пат кога разговаравме во првата фаза беа дадени доста забелешки дел од тоа што се говореше е корегирано, но поголем дел остана онака како што беше предложено.

(Во 11,14 минути со седницата продолжи да раководи господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието).

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Ве молам да се сослушаме, да го сослушаме колегата Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Кој не го интересира, слободно може да излезе.

Се надевам дека сите заедно ќе изнајдеме едно право, реално, објективно решение кое ќе може да биде спроведливо и кое ќе донесе резултати.

Насилството на спортските натпревари е еден голем проблем на кој најбрзо што треба да му објавиме војна. Тоа е проблем со кој се сретнуваат и развиените западни демократии, а уште повеќе транзиционите земји со сеуште недефинирани вредносни системи и лабилни институции, каква што е Република Македонија.

Ова особено е важно ако се стави во контекст на напорите кои ги прави нашата земја за интеграција во евроатланските интеграции при што се внимава на целото однесување на нашата земја. Ставено во овој контекст насилството кое се одвива на спортските натпревари кои се одржуваат во нашата земја, како и големиот број инциденти, посебно на оние што се одигруваат меѓународни натпревари во кои учествуваат наши екипи, сериозно го нарушуваат кредибилитетот на Република Македонија на спортски план. Иако на прв поглед се работи за небитна сфера, тоа е сепак од многуте факти слични на неа кои во најбрзо можно време треба да се уредат со закон при што конечно ќе се заведе ред во тие области на нашето секојдневно живеење.

Големите инциденти кои се случуваат на спортските натпревари во Република Македонија, а посебно на меѓународните натпревари ја наметнаа потребата по прашањата за насилното и недостојно однесување на спортските натпревари да се уреди со закон.

Забелешките кои колегите ги земаа предвид се регулирањето на оваа материја по однос на инцидентите на спортските натпревари, за ова имаше обид да се регулира со Законот за спорт, кој беше донесен 1996 година, истиот доживеа промени и усвоени во 2000 година, меѓутоа, за успешно регулирање на оваа област која за крајна цел би имала подигнување на спортската култура во нашата земја

посебно е важно да се раководи од нашите автохтони искуства, како и искуствата на екс југословенските простори како земји со релативно слични проблеми кога се работи за наведената област. Тука би било корисно да се напомене дека со посебно внимание треба да се проучат примерите на развиените земји како што се Англија и Италија, како и земјите од нашето соседство Србија и Црна Гора, Бугарија, Хрватска и други кои ова прашање го имаат регулирано со посебен закон и покрај тоа што бројот на ваквите инциденти на нивните терени и стадиони е многу поголем отколку во нашата држава.

Исто така значителни се искуствата на натпреварите со висок ризик при што се вршат посебни организациони подготовки како со играчите така и со навивачките групи и нивните челници, па и со одредени јавни служби.

Целта на ваквото донесување на овој закон е да се создаде простор, да биде проучен од страна на научната, спортската како и пошироката јавност при што тие би се вклучиле во неговото изготвување со конструктивни и издржани предлози. Ова е посебен битен елемент поради тоа што со донесувањето на законот ќе бидат вклучени и субјектите кои се најдиректно засегнати за областа која се регулира, а тоа се спортистите и спортските клубови.

Постојат голем број на елементи што би можеле засебно да се проучуваат при донесувањето на овој закон. Така на пример публиката на спортските натпревари е еден елемент кој би можел засебно да се проужува и кој е еден важен елемент во одржувањето на спортските натпревари.

Понатаму, тука се општествените проблеми и деформации кои всушност наоѓаат најголем одраз во однесувањето на публиката. Исто така може да се зборува и за безбедноста на спортските натпревари кој е елемнт што треба посебно да се проучи при донесувањето на овој закон посебно важен при меѓународните натпревари на нашите екипи.

За овој закон е карактеристично што се состоеше од 13 члена, сега во последната верзија 16, казнените одредби беа изоставени со цел за нивно усогласување со Законот за прекршочната постапка како и со Законот за спорт. Дали е така, со овие последни 4 члена, оставам на предлагачот да го заклучи, но според мене паричните казни кои се наведени тука не се она што ќе може да ги запре овие инциденти или да ги донесе на работ на делот од гледачите кои се наоѓаат на спортските терени да размислуваат малку поинаку во однос на казнените постапки.

Посебно важно во процесот на усогласување на казнените одредби да бидат вклучени релевантно правни експерти со што би се избегнале некои неусогласености кои би биле причина за некои идни недоразбирања и конфликти.

Друга битна димензија на која би требало да се обрне посебно внимание се меѓународните правни акти со кои се регулира оваа област. Имено, оваа област е регулирана со Конвенцијата за спречување на насилно однесување на спортските натпревари при што оваа Конвенција е ратификувана и од нашата земја, па според тоа треба исто така решенијата кои се регулираат со овој закон да бидат усогласени со решенијата содржани во оваа Конвенција. Тоа би било во согласност и со обврската која е наведена во Уставот на Република Македонија за почитување на меѓународните правни акти кои се ратификувани од Собранието на Република Македонија.

Со Конвенцијата за спречување на насилното однесување на спортските натпревари регулирана е оваа област на еден сеопфатен начин при што тоа се однесува на навивачките групи, политичките притисоци врз нив, проблемите од областа на меѓуетничките односи кои многу лесно би можеле да се провлечат во оваа област при што инцидентите на спортските натпревари би можеле да се искористат како причина за нивно разгорување.

Последните инциденти што се случија на спортските терени откако овој закон помина од првата во втората фаза многу симптоматично е инцидентите во Арачиново, Тетово, Скопје, каде спортистите спасуваа жива глава на спортските терени и некои со часови не можеа да излезат од теренот, а некои беа тепани и од припадници на Министерството за внатрешни работи, но постапките против нив апсолутно не се покренати, а за истите луѓе пред месеци говоревме дека ќе бидат некоја селска полиција која пред тоа ги нападна полицајците, па новинарите, а сега и спортистите, а ние во законот го спомнуваме обезбедувањето од органите на Министерството за внатрешни работи. Се случи напад и врз органите на Министерството за внатрешни работи на натпревар со Скопје, но кривична пријава против напаѓачите не слушнавме дека е покрената. И последниот инцидент во Скопје што се случи пред ден два исто кажува дека фудбалска грешка во случајот на еден фудбалски судија можеше да донесе до линч. Грешката можеби беше очигледна за некого, но имавме можност само после неколку часа преку малите екрани да гледаме еден натпревар од италијанското првенство каде сигурно средствата на оние што ги вложуваат во тие екипи се многу, многу, да не кажам

илјадаструко поголеми отколку нашите, судијата исто погреши, но не видов никој да направи линч или да направи притисок врз него. Значи, се работи за довербата.

Токму усогласеноста на овој закон со ваквите меѓународни акти би одело во прилог на почитување на меѓународните стандарди во оваа сфера од една страна, а од друга страна почитувањето на овие стандарди би одело во прилог на поуспешно регулирање на оваа многу битна област. Покрај одредбите од Кривичниот законик кои треба да се применат во овој закон како еден мошне битен елемент исто така битно прашање е финансирањето на целиот овој проект, односно решавањето на прашањето за тоа како ќе се покријат трошоците со покривање на проектите кои се предвидени со овој закон.

Како еден еклатантен пример за вакви проекти кои треба финансиски да се покријат е осовременувањето и реновирањето на спортските објекти, што всушност ќе биде главното прашање поставено кога ќе се донесе овој закон. Ова затоа што со донесувањето на овој закон, со заокружувањето на нефинансиската конструкција всушност би претставувало градење на правна конструкција без реална основа на која таа се засновува.

Законот е во втора, завршна фаза, кажуваме дека финансиски средства не се потребни, а ние не проговоривме или предлагачот никаде не ги спомнува спортските терени, спортските сали, трибините, нивната опременост, обележаност, дали постојат услови гледачите воопшто да ги пратат спортските натпревари според сите правила и норми кои постојат во Европската унија, а не да гледаме илјадници камења на теренот и да се случуваат прескокнувања на огради и неодговорни гледачи да се наоѓаат и во подтрибинскиот простор или многу блиску до луѓето кои треба да се ја завршат својата работа.

Гледајќи го предложениот закон и неговите членови, јас лично како човек кој долго години е во спортот укажав на некои работи кои предлагачот може да ги пропушти. Тука е во прашање кој, како и од која страна го гледа спортот. Мислам дека сите можеме да дадеме придонес, да направиме нешто добро за спортот и токму во таа насока сакам да бидам конструктивен и повторно да укажам на некои работи.

Мислам дека треба да се регулира поголем број на прашања и тоа правата и обврските на гледачите пред, за време и после натпреварот, да биде дефинирано строго обврските, тоа е еден момент кој воопшто е пропуштен во целиот закон, обврските и правата на здруженијата на граѓани со кои во последно

време се здружуваат навивачите значи патувањата, одговорноста за своите членови, како сето тоа ќе биде регулирано во овие здруженија на граѓани, значи одговорноста ја преземаат самите тие и да се донесе закон со казнени одредби кој единствено може да донесе решение. Такво нешто има во Англија и во Италија.

За пример Англија беше земја во која што имаше најповеќе вакви инциденти и најтрагични завршени натпревари со многу жртви кога оградите достигнуваа и до 20 метри. Сега во Англија едноставно нема огради на фудбалските терени но инцидентите се намалени на максимална можна мера. Хулиганите се повторно таму. Секое излегување од нивната држава предизвикува хаос во државите каде што ќе одат сето тоа поради нивниот закон кој што не дозволува апсолутно хулиганство на спортските натпревари со тоа што кривичната пријава и судијата за прекршоци и Министерството за внатрешни работи реагираат на лице место.

Понатаму во овој закон со казнени одредби би имало предлози како што стојат и таму одреден број на навивачи кои што покажуваат поголема агресивност кој што им се познати на органите на Министерството за внатрешни работи, кој што ја повториле неколку пати својата агресивност на такви спорстски натпревари да добиваат забрани, со легитимации, со карти за забрана за наредните две, три или пет години да бидат присутни на средбите на било кој спортски натпревар. Значи треба да се работи и на ова поле.

Од друга страна треба  сите заедно да обрнеме големо внимание со работата на сите лица кои учествуваат во спортот. Јас би почнал тука од сите федерации, судии, тренери, спортисти и средства за информирање и навивачите за фер и спортско натпреварување од најмладите категории до професионалните натпревари и меѓународните натпревари.

За што се работи? Ние вака на овој начин како што работиме сега со донесувањето на овој Закон за спречување на насилството во спортот, едноставно можеби навивачите на нашите терени повеќе ќе ги нема, затоа што многу дерби средби и во фудбалското првенство и во ракометното, одбојкарското, кошаркарското се играат само пред 200 можеби 300 гледачи. Така да ќе треба многу напор ако сакаме да стигнеме до онаа реалност и да говориме за нешто право. Зголемениот број на гледачи е она што го посакува секој спортски клуб затоа што и средствата за информирање ја подигаат таа тензија, нормално тие навивачи се потребни за постигнување на подобар спортски резултат. Јас не се согласувам дека сите тие се хулигани. Ако човек дојде на натпревар со капа, со дрес, со знаме и биде бојадисан

на своето лице не значи дека покажува агресивност. Затоа што вие да го сакате вашиот клуб, да го сакате вашиот град, вашата држава и тоа да го искажете на спортски терен е сосема нормално и сосема исправно. Тука треба да се поведе една деференцијација на навивачи и хулигани. Десет луѓе во една маса од илјада луѓе не може да направат хаос. Тука е таа разлика и интервенција на Министерството за внатрешни работи. Тоа би се постигнало како што рековме со примената и со промената на Кривичниот закон.

Друга точка за која што зборував и пред малку тоа се финансиските средства кои што треба да се обезбедат и за меѓународни натпреварувања дозволени и спортси сали и спортски терени. Во Македонија знаеме за фудбалските терени единствен прифатен е Градскиот стадион во Скопје, додека спортските сали имаме три и уште една треба да ја направиме за да може да се одржи Европското првенство во Македонија кое што сега ни е доделено.

Значи од страна ова е голем проблем затоа што да организирате наптревар едноставно спортските објекти да не ги задоволуваат основните нормативи и критериуми како за играчите така и за гледачите мислам дека е голем проблем и тука треба Владата и воопшто државата да вложи многу средства да стигнеме во ситуација да ги обезбедиме овие спортски терени за спортско натпреварување за сите наши спортисти.

Треба да се дефинираат правата и обврската на спортските федерации. Посебно на меѓународните натпревари каде што игра нашата репрезентација. Значи од доаѓањето на гостинските навивачи, од однесувањето на нашите пред почетокот, за време на натпреварот и до испраќањето и на навивачите на гостинската екипа, тоа е право но и обврска на сите федерации.

Беше спомната редарска служба каде што кажуваме во Законот дека тоа може да биде редарска служба што ќе биде избрана од самите гледачи од навивачите или од професионално обезбедување. Од она што можев да видам, а видов доста такви натпреари, обезбедувањето на Запад се состои од професионално обезбедување. И на терени какви што се во Данска, Холандија и во други земји има толку малку обезбедување, што за наши услови мислам дека е смешно. Но, од друга страна, однесувањето на гледачите е нешто сосема поинакво отколку нашето однесување. Значи, треба да се работи, можеби треба време, тоа е најтешкото да го напрвиме тој пресврт кај навивачите, дека треба да помагаат на својот клуб на спортски начин, со спортско навивање и бодрење. Тука е таа разлика, кога имате 2 илјади гледачи, а

имате 2 редари, за нас е непоимливо за тие 2 или 3 иљјади ние ќе треба да повикаме и имаме меѓу 50 до 100 полицајци, да можат да воведат ред, и повторно имаме проблеми.

Значи, начинот на кој што сите размислуваме, доаѓајќи на тој стадион е малку дискутабилен и тука треба да се работи од најмладите генерации. Да ги поттикнуваме на фер и спортско навивање, да почувствуваат дека ова што го гледаат пред нив е навистина фер, и спортски натпревар, дека не се работи за наместен натпревар, дека не се работи за нешто во што учествуваат судии, федерации или незнам што. Нашите средства за информирање сето тоа знаат добро да го напумпаат и одговороста на крајот да заврши кај сосема трет, бидејќи во таа игра едноставно и не го гледаме.

Што се однесува конкретно за фтората фаза од Законот, последната фаза, јас би имал забелешки директни. Мислам дека и покрај тоа што не интервенирав амандмански, дека предлагачот ќе најде за сходно дел од овие забелешкида вгради во Законот. Мислам дека не само како пропусти, туку како нешто што мора да се дефинира.

Би почнал со членот 2, во објаснувањето што е спортски натпревар. Мислам дека е пропуштено да се каже нешто и за натпревари од ревијален или турниски карактер што не се поединечни но сепак треба да се обезбедат, а поради малиот број на клубови и цели првенства се одржуваат на два или три вакви турнири. Значи, во случајот, како што е дефинирано, спортски натпревар во смисла на овој закон, е секое поединечно натпреварување во организиран систем на спортски натпревари, согласно предвидени со Законот за спортот. Тука се пропуштени, а во последно време могу федерации целото натпреварување го обавуваат токму на два или три такви ревијални натпревари или турнири.

Понатаму, во членот 3 гледајќи ги сите натпревари во ЕУ, во договор меѓу гледачите и оргназаторот на натпреварот, дали е тоа пред почетокот на мечот, дали е тоа пред паузата, дали е на крајот, тие биротехнички средства едноставно се употребуваат за уште поголема прослава на самите натпревари. Тука, едноставно, мораме така да размислуваме и ние. Значи, договорот дали некој ќе ги вметне тие пиротехнички средства, битно е да не бидат злоупотребени. Тука, во членот 3, мислам дека треба да се дефинираат сите ставови, треба да се каже она што го говоревме и минатиот пат, а сега го нема, дека хартијата може да биде исто како навивач кој е пијан или со предмети со кои што може да направи проблем, да биде исто третирана. Мислам дека на тие меѓународни натпревари критериумите за кои

што треба да се придржуваме од европските федерации се многу строги и било кој учествува во такви работи знае дека треба и мора да се применува. Но, за да го примениме сето тоа треба да имаме спортски сали, спортски терени и треба да почнеме да ја градиме таа спортска култура, да знаеме до каде можеме, затоа што навивачите не можеме сите дас ги крстиме хулигани, а уште повеќе дека се хулигани. Има луѓе кои доаѓаат да го подрат својот клуб, да ја дадат таа поддршка, што велиме имаме многу терени, што важат за многу жешки терени, каде што многу тешко се игра, но тоа е коректно и фер навивање.

Понатаму, во членот 5, што е доста битен, каде што се обезбедува организаторот на спортскиот натпревар треба да обезбеди доволен број на редари, во алија 2, мислам дека треба да стои дека редарската служба ја сочинуваат лица вработени од страна на организаторот, доброволно пријавени редари или членови на клубвот, навивачи и други лица Стандарди на ЕУ, обавезно е задолжување на агенции што се занимаваат со обезбедување на овие спортски натпревари и министертсвата за внатрешни работи, т.е. специјалните единици што во даден момент, кога веќе атмосферата и инцидентот е започнат, да интервенираат.

Во алинеја 3 веќе давате можност да се користат агенции за заштита на имоти и лица, но мислам дека понатаму треба да стандардизираме дека агенциите се тие што треба да го обезбедуваат натпрварот, со помош на МВР. Мислам дека тоа треба да се дефинира, затоа што, верувајте ми, тие редовски служби од членови на клубот, од навивачи, од останати присутни на натпреварот, може да доведат до несакани последици.

Во членот 10, мислам дека овие прописи што тука ги имате доведено и сега важат во сите спортски федерации сите оние што имаат напатствија од ЕУ, и секој клуб одредува свој комесар за безбедост, каде што говориме за одговорно лице, тоа е комесарот за безбедност. Тој одговара за сите обврски на клубот, за обезбедување и тој всушност е врската помеѓу министерствата за внатрешни работи и редарската служба.

Понатаму, остануваат овие два члена, барем два од овие 4, од 3 члена за казнивите одредби.

Во членот 14, алинеја 2 кажуваме дека не соработува со надлежните органи, ќе се казни со парична казна од 10 до 30 илјади денари, не соработува со надлежните органи и не обезбеди доволен број лица. Ова е нешто недефинирано, кое што во секој момент можете вие, после инцидентот да кажете дека имало недоволен број на лица за обезбедување. Значи, треба да дефинираме што значи

тоа, колкав е тој број на лица? Кога ние побаравме, во Данска, тие рекоа дека имаат едно лице, а ќе обезбедат уште едно. Тоа било по нивните прописи и од тоа не отстапуваат и не отстапија.

Значи, ова треба да го дефинираме.

И, во членот 15 со парична казна од 10 до 300 илјади денари ќе се казни спортски клуб ако во рок од три дена не го извести организаторот за спортскиот натпревар и не ги преземе потребните мерки согласно со членот 11 од овој закон. Со парична казна ќе се казни одговорното лице. Прашањето е кој го казнува клубот, каде ќе одат парите од казната на клубот? Тоа е многу битно да се дефинира во случајот, затоа што вака, јас не чувствувам сега кој е организатор, кој е спортскиот клуб што треба да плати, нормално тој што се натпреварува е спортскиот клуб, но организаторот на натпреварот кој треба да биде тој кој ќе ја поднесе пријавата и казната што ќе треба да ја полати клубот, каде ќе завршат тие средства? Тоа мораме да го дефинираме. Тоа ќе биде во суд,  во федерација, во клуб, во младинска ивнестиција, во спортските терени, мислам дека треба да бидеме прецизни. Да кажеме каде овие средства ќе завршуваат, од сите овие казни.

Еве, јас би имал толку, како забелешки. Уште еднаш се извинувам до колегите, да кажам дека ќе го поддржам законот затоа што не интервенирав амандмански, но мислам дека оние кои се по спортот ги разбраа работите, за да можеме заедо да направиме нешто подобро и да направиме еден закон што ќе биде применлив и што ќе биде добар за сите, пред се за спортстите и оние кои доаѓат на натпреварите, едноставно да уживаат во спортскиот дел од мечот.

Благодарам и уште еднаш кажувам дека ќе го поддржам законот. Се надевам дека ќе најдете сила дел од овие забелешки да бидат вградени во законот.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-дине Мавровски.

Пред да дадам збор, бидејќи имаме повеќе пратеници  предлагачи, јас би замолил од предлагачите да еден, кој би бил претставник, кој во секое време може да се јави за збор да определите, бидејќи двајцата пријавени и господинот Прешоски и г-ѓата Станковска се од предалгачите. Па, би ве замолил кој е официјален претставник на предлагачите.

Тоа е господинот Иван Анастасовски.

За реплика се јави г-ѓа Славица Станковска.

Повелете.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Ви благодрам потпретседателе,

На почетокот, прво ќе почнам со што заврши колегата.

Благодарам, за поддршката што ја изрази за овој предлог на закон, но ќе реплицирам само во некои делови од неговото излагање.

Колегата беше мошне опширен. Се задржа на текстот на Законот за спречување на насилства и недостојно однесување на спортските натпреварувари. Многу елементи што беа исксажани, мислам дека ќе се сведат на еден друг закон на Законот за спортовите.

И на Комисијата за образование, како претставник на предлагачите реков дека само се обидовме да регулираме еден дел од сверата на спортот што досега воопшто не беше регулиран во нашата држава, без претензии да ова биде идеално законско решение. Но, со можност да се надградува со измени и дополнувања на Законот, па дури и со предлог на нови законски решенија што ќе ги поддржиме, без разлика од која  страна доаѓаат.

Колегата укажа на некои пропусти и јас ќе се задржам на тие што ги спомна. Но, мислам дека многу повеќе ќе ни помогнеше доколку амандмански интервенираше во делови. Сигурно ние сме спремни и бевме спремни да ги прифатиме, се со цел да имаме подобро законско решение.

Колегата го спомна членот 2, испуштено е турнирски натпревари. Мислам дека спортски натпревари во смисла на овој закон, а тоа е секое поединечно натпреварување во организиран систем, па турнирските натпревари сметам дека претставуваат еден организиран систем но мислам дека не е проблем ако не се турнирските натпревари.

Исто така, во членот 3, алинеја 2, колегата напоменува дека некои ги користат за прославувања. Јас сметам дека треба да стои да и такви средства не смеат да се внесуваат на спортски натпреварувари, заради тоа што најчесто се злоупотребуваат.

За редарска служба, навистина во членот 5 ставот 2 е испуштено “агенции” како можност за обезбедување на спортски натпреварувари, но ценам дека а во ставот 3 тоа стои, но ценам дека спортски  клубови кои немаат финансиски средства и не се во можност да организираат агенции за обезбедување, кои бараат сигурно средства имаат и друга можност да користат нивни навивачи и редарски служби.

Сите овие би биле главно мои забелешки и  укажувања.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам, г-ѓо Станковска.

Повелете г-дине Мавровски имате една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Само кратко.

Пиротехничките средства, во оваа ситуација мене ми е жал, но говориме за илузија, затоа што немаме ни навивачи за пиротехничките средства, но верувајте ми, од ова што можеме и сега да го видиме барем во сите европски лиги, дали е Милано, дали е Барселона или не знам кој друг, се случуваат фантастични работи во кои што се е организирано и каде што се се знае, секој кое право и обврска го има. Јас би посакал многу скоро на теретните и во Македонија да се случуваат тие работи, организирано како што беа пред 10-15 години. За жал, многу тешко ќе биде за тоа.

Јас кажав дека во овие моменти клубовите немаат средства ни за спортисти а не за обезбедување. Тука се согласуваме. Но, имаме една друга ситуација каде што токму на тие меѓународни натпреварувари агенициите за обезбедување се токму тие кои мора да ги обезбедуваат натпреварите. Тука треба да се дефинира дека токму меѓународните натпревари мора да бидат на агенции за обезбедување, без разлика дали некој имал или немал.

Благодрам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-дине Мавровски.

Има збор г-динот Иван Анастасовски како претставник на предлагачите, пред г-динот Прешоски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарам, г-дине потпретседател,

Само накратко сакав за некои од дилемите, бидејќи од она што го разговаравме на 19 мај 2004 година кога беше првата фаза од овој закон, горе-долу и сега што ги искажа господинот Мавровски, дилемите се тие. Значи, единствено останува тоа што значи, казнените одредби што сега се внесоа во втората фаза. По однос на тоа само ќе кажам кратко објаснувања.

Лично го респектирам колегата Мавровски, бидејќи јас, како еден од предлагачите на овој закон, особено што господинот Мавровски е долгогодишен истакнат спортски работник и тука навистина треба со респект да гледме, но тоа што јас можам да го кажам е дека поголемо искуство од него немам во делот на науката во оваа област. Затоа, сакам да кажам дека и научната јавност, со сигурност беше

вклучена, и некои од дилемите што беа искажани дека треба тука да се вклучат дел на здруженија на граѓани и ред други организации, можам да кажам дека во Законот за спорт тоа се третира. Клубовите се организирани согласно Законот за спорт како зруженија на граѓани, тоа треба до 2005 година да се промени, односно да функционираат како трговски друштва.

За да направиме нешто конкретно, добро за спортот во Република Македонија, навистина треба квалитетно да интервенираме во самиот закон за спорт. Целите на овој закон беа нешто сосема друго. Она што беше недостаток во првата фаза сега го вметнавме. Тоа се казнените одредби, а се чекаше на усогласување на казнените одредби со Законот за прекршочна постапка. Се согласувам со некои констатации на г-динот Мавровски, меѓутоа за негова информација, на дневен ред од седниците на Собранието е Законот за прекршочна постапка, кој што помина во прва фаза, треба да помине и во втора фаза, па тогаш неминовно ќе се наметне потребата за промена и повторно примена или измена на казнените одредби на овој закон што ќе треба да се усогласат со тој закон. Така што тоа ќе се наметне понатаму како потреба. Пак ќе дојде време кога ќе треба да дебатираме уште еднаш по однос на тие казнени одредби, каде што сега, можеби некаде и постојат одредени пропусти.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине Мавровски имате реплика од 3 минути.

Повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам, многу кратко.

Изгледа не се разбравме со г-динот Анастасовски, затоа што мојата забелешка и првиот и вториот пат за здружение на граѓани се однесува на здружение на граѓани што ги информираат навивачките клубови. Тука говориме за спречување насилство во спортот и мене ми е многу јасно дека спортските клубови се дефинирани како здружение на граѓани и треба да станат трговски друштва. Но, тоа е заради друг закон кој што со ова апсолутно со ова нема никаква врска, затоа што и самите, во членот 6, алинеја 3 кажуваат - ги координира активностите на клубовите при одење со своите навивачи на спортски натпреварувари, на кои тие клубови и нивните навивачи се гости.

Е сега, за да го спречиме сето тоа, затоа што во многу федерации имаат забрана за патување на navivачи, го знаете и тоа, значи навивачите како здружение на граѓани својата обврска и одговорноста и правото мора да ја преземат и идејата ни е токму тие да се вметнат тука, како здружение на навивачи, дека одговорноста ќе минува на нивна страна за патувањето во однос на натпреварот, затоа што клубовите не се ни во можност да ги носат навивачите и многу пати испаѓа дека оградувањето од навивачката група е само про-форма. Не е про-форма, тоа е така и вие никого не смеете да спречите во оваа држава да присуствува на еден натпревар на кој што тој сака и на тој ќе оди организирано.

Тоа мораме да го регулираме во овој закон за да не постојат понатаму ситуации кога се осудуваат клубови, затоа што на овој начин едноставно клубот мора да држи се под контрола. Дали тоа се однесува на домашен терен или на гостински терен, а повторно ја немаме одговорноста на оној кој ќе го направи инцидентот. Личната одговорност. Значи влегување на терен, апсолутно како што кажав, кривична постапка, судија за прекршоци и тоа што следи после тоа. Ако можеме да имаме притвори за не знам какви прекршоци, дел од тоа е и влегување на терен. Значи, на тој начин, затоа што овие казни, само парични, кажав и тука, треба да се разгледаат малку подобро, одиме во ситуација да не можеме сето тоа да го контролираме, затоа што за жал, секогаш во таа маса под илјада, 2, 3 илјади ќе се најде човек кој може да избега од секаква контрола. И тука е проблемот.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

На почеток добро започнавме, господинот Мавровски  дискутираше исклучиво по текстот и по членовите. Но, сега во овој дел веќе се префрливме на останатата проблематика од спортот. Би замолил наредните дискутанти исклучиво да се задржат на она што е предложено во законското решение, односно да дискутираме по текстот.

Има збор господинот Коста Прешоски.

КОСТА ПРЕШОСКИ:

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, се јавив за дискусија по текстот на овој закон како еден од нејзините предлагачи. Мислам дека пред нас имаме закон прв и единствен од таков вид што засега ја регулира оваа област, но не значи дека со овој закон се е апсолвирано и затворено.  Сакам да напоменам дека носителот на овој законски проект почитуваниот пратеник Иван Анастасовски е добро упатен во сферата што треба законски да се регулира и тој заедно со нас на оваа проблематика и пријде со сета стручност и сериозност и со посебно внимание.

При подготвувањето на Предлог-законот се имаа во предвид забелешките и мислењата и предлозите дадени на седницата на Матичната комисија и расправата на парламентарната седница. Исто така оваа област е регулирана и согласена со Конвенцијата за спречување на насилно однесување на спортски натпревари за што зборуваше колегата Мавровски. Оваа Конвенција е ратификувана и од нашата земја и дадените решенија во овој закон се усогласени со решенијата содржани во самата Конвенција. Со законот се осигурува безбедност на гледачите, натпреварувачите и другите учесници на спортските натрпревари, се заштитуваат гледачите кои се однесуваат пристојно и се обезбедува правна основа за санкционирање на насилството и недостојното однесување пред, за време и по одржувањето на спортскиот натпревар. Со понудените решенија се сака исто така да се прикаже дека треба особено младата популација помасовно да присуствуваат на спортските натпревари бидејќи публиката е еден од многуте битни фактори за поттикнување на развојот на спортот. Со овој закон ќе се подигне спортската култура на едно повисоко рамниште и ќе се поттикнат младите да водат поквалитетен спортско рекреативен живот. Зголемениот број на гледачи е она што го посакува секој спортски клуб и нормално е и тие навивачи да се во функција за постигнување на подобар спортски резултат. Во Предлог-законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортски натпревари се предвидуваат мерки за безбедност на гледачите, натпреварувачите и на другите учесници како и обврските посебно на организаторите и надлежните институции за спроведување на тие мерки. Според одредбите на законот под насилство и недостојно однесување се смета поседување, или консумирање на алкохолни пијалоци или опојни дроги, употреба на пиротехнички средства, оружје и други средства со кои можат да се нанесат повреди. Потоа истакнувањето на знамиња и сл., или пеење на песни и дофрлување пораки кои поттикнуваат омраза врз основа на расна, национална и верска припадност.

Со понудените решенија во законот се санкционира и недозволеното влегување, или фрлање предмети на теренот, или во гледалиштето, палење на навивачкји реквизити, државни знамиња, клубски обележја, потоа повик за напад на спортисти, гледачи, редари, судии, или физичка пресметка меѓу спортските натпреварувачи, посетување, или уништување на спортските објекти и тн.

Во Предлог-законот во делот 3 се внесени казнени одредби според кои за прекршок е предвидена парична казна од 1000 до 50 илјади денари за физичко лице,

односно од 10 илјади до 200 илјади денари за организаторот на натпреварот, или спортскиот клуб.

Почитувани пратеници, законот содржи три дела. Во првиот дел општи одредби, посебно во членот 3 поконкретно се наброени дејствијата што се сметаат за насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Следствено на тоа во втората глава, мерки за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари се наброени три подглавја: превентивни мерки, мерки кои се преземаат на спортските натпревари и мерки кои се преземаат на спортските натпревари со зголемен ризик. Во третиот дел се казнените одредби. Така во член 3 алинеја 2 и 3 под насилство и недостојно однесување на спортски натпревари се смета поседување, конзумирање, внесување и употреба на алкохолни пијалоци во спортските објекти, опојни дроги, пиротехнички средства, оружје и други средства погодни за нанесување повреди и за предизвикување насилство.

Следствено на тоа во глава ИИ член 7 став 2 алинеја 1 и 2 се предлагаат мерки кои треба да се преземат од страна на организаторот на натпреварот предвидено во член 3 алинеја 2 и 3. Додека во глава ИИИ член 13 се дадени казнените одредби доколку се постапи спротивно на одредбите од член 3. А во член 14 се дадени казнените одредби што се однесуваат на организаторот на спортскиот натпревар ако не преземе соодветни мерки согласно член 7 од законот. Потоа во член 3 алинеја 3 под насилство и недостојно однесување на спортски натпревари се смета внесување и истакнување на транспарентни знамиња и други предмети со текст, слика, знак, или други обележја како и пеење на песни, или дофрлување на пораки кои предизвикуваат и поттикнуваат омраза, или насилство врз основа на расна, национална и верска припадност. Следствено на тоа во член 7 став 2 алинеја 3 и со ново поднесениот амандман алинеја 4 наброени се мерките кои треба да ги преземе организаторот за оневозможување на овие дејствија. Во глава ИИИ член 13 и член 14 соодветно се санкционираат ваквите појави. Кога зборуваме за вакви појави да кажам дека во последно време сведоци сме дека се почести се расистички навреди што навивачите ги упатуваат кон црномурестите играчи на фудбалските натпревари Шпанија, Холандија и тн. Расизмот наместо да се искоренува, тој зема се поголем замав скоро во цела Европа. ФИФА и УЕФА и соодветните национални сојузи ги преземаат сите можни мерки за искоренување на оваа појава со поголеми парични казни дури и што не е популарно и со претење за прекин на натпревари и сл. Навредите на национална и верска припадност го имаат истиот предзнак, односно имаат иста тежина како и расизмот. Така што со овој

закон на овие девијантни појави на некој начин им е дадено особено значење т.е. со овој закон и една правна рамка со што ваквите девијантни појави во иднина би се спречиле и санкционирале.

Во Предлог-законот со член 4 и член 5 се регулира обврската и должноста на организаторот на натпреварот да процени за можната опасност од насилство и недостојно однесување и при преземањето на потребните мерки за нивно сузбивање и спречување и да соработува со надлежните органи, да обезбеди доволен број на редари и притоа да може да користи услуги на агенциите за обезбедување на имоти и лица.

Согласно со тоа во член 8 се регулира дека организаторот е должен да оствари соработка со Министерството за внатрешни работи заради спроведување на мерките кои се однесуваат на јавниот ред и мир. Исто така, со став 2 на член 8 организаторот за време на спортскиот натпревар мора да обезбеди медицинска служба и други јавни служби, противпожарна единица, комунални служби и сл. Со членот 6 од Предлог-законот се третира и прашањето за намалување на ризикот од појавување на насилство и недостојно однесување во смисла на обврската организаторот да обезбеди примерно однесување на навивачите на својот клуб преку соодветно информирање, координирање на активностите на клубовите, особено при одењето на нивните навивачи на спортските натпревари посебно кога клубовите и нивните навивачи се гости. Мерките кои се преземаат на спортски натпревари со зголемен ризик се дадени и регулирани со членовите 9, 10, 11 и 12. Значителни се искуствата на натпревари со висок ризик при што треба да се вршат посебни организациони подготовки како со играчите, така и со навивачките групи и нивните челници, но и со одредени јавни служби. За ова поопширно зборуваше колегата Мавровски. Така, со законот е предвидено дека спортските натпревари домашни и меѓународни со зголемен ризик ја одредува соодветна национална спортска федерација во државата. И соодветно на тоа при такви околности кои се обврските и должностите на организаторот на натпреварот. Кога зборуваме за ова треба да се каже дека обврска е на националните спортски федерации да ги почитуваат меѓународните стандарди посебно на меѓународните натпревари каде што игра нашата репрезентација. Значи, како што рече колегата Мавровски од доаѓањето на гостинските навивачи, од однесувањето на нашите пред почетокот, за време на натпреварот и до испраќањето и на навивачите и на гостинската екипа. Посебно во член 11 се дадени обврските што треба да ги преземе гостинскиот спортски клуб на спортскиот натпревар со зголемен ризик.

На крајот почитувани пратеници овој закон навистина ќе профункционира во пракса само ако се синхроинизираат активностите што произлегуваат од овој закон, се мисли на проценките на можности за вакви случувања и преземање на соодветни мерки, соработката со надлежните органи, посебно со Министерството за внатрешни работи и соодветните спортски федерации. Затоа мислам дека оваа законска регулатива ќе помогне овие појави да се стават во една правна рамка и спортските натпревари да бидат места за уживање и рекреирање, а не за манифестирање на насилство и недостојно однесување. Од сето тоа што го изнесов ќе го поддржам усвојувањето на овој закон.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Пред да преминеме на гласањето, би замолил пратениците да влезат во салата за да имаме доволен број на пратеници за да можеме да гласаме.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои се надвор од салата, да влезат за да можеме да преминеме на гласање.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници. Сите 63 пратеници гласале за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

Со оглед на тоа што дојде претставник од Министерството за финансии, се враќаме на точката 20.

**Минуваме на точката 20 - Предлог за донесување на закон за Девизната инспекција, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Кој бара збор?

Има збор госпѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине потпретседателе, јас очекував дека претставникот од Министерството сепак ќе каже некој збор за овој закон. Меѓутоа, јас би ги изнела своите забелешки. Како прво да кажам дека го поддржувам Предлогот за

донесување на ваков закон. Меѓутоа, не во една фаза како што е предложено, бидејќи законот иако е краток, сепак се дава една правна рамка за една област која досега не била регулирана со лекс специјалис и ценам дека беше потребно законот да оди во фази, затоа што она што ни е предложено има одредени недостатоци. Државниот инспекторат моментално, всушност девизниот инспекторат моментално работи како  сектор во Министерството за финансии и со донесување на законот во 2002 година за организација и работа на органите на државната управа се создадоа услови овој инспекторат да функционира како орган во Министерството за финансии и секако дека е потребно негово регулирање со посебен закон лекс специјалис. Меѓутоа, во законот се  регулирани некои работи добро. Тука е регулиран начинот, всушност надлежностите и овластувањата на инспекторатот, кажано е како ќе се врши избор на директорот на инспекторатот. Меѓутоа, еден од најголемите пропусти што е направен во овој закон не е кажано како и под кои услови ќе се бираат инспекторите во областа на девизното работење.

Досега со подзаконски акт ова е регулирано, меѓутоа кога веќе носиме посебен закон лек-специјалис редно беше да се внесе ..

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Госпоѓо Лалчевска, ве молам, би ги замолил пратениците да си седнат на своите места, да бидеме колегијални, да ја сослушаме колешката.

Продолжете.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам, господине потпретседателе што се обидовте да обезбедите услови за пристојна работа.

Мислам дека требаше во посебна глава да се регулира кој, со каква наобразба, со колаво работно искуство и секако со познавање на девизното работење ќе може да биде девизен инспектор. Меѓутоа, тоа не е сторено во Законот јас ценам дека тоа е еден голем пропуст на Предлог-законот. И, уште на Комисијата за финансирање и буџет тогаш побарав од претставникот на Министерството законот да оди само во Предлог за донесување на закон затоа што никој не ја спореше, еве и јас не ја спорам потребата од донесување на овој закон, меѓутоа е потребно да се доработи, да се внесе посебна глава каде што ќе се регулира како ќе се селектираат девизните инспектори односно каква наобразба треба да имаат, колку работен стаж, колкаво познавање од девизното работење и тн.

За тоа не е кажано ни збор и поради ова ценам дека законот доколку се донесе ваков каков што е ќе биде многу манлив. Не е можно една ваква многу

значајна работа се регулира со подзаконски акти, бидејќи тогаш би оставиле на ценење на субјективизам како ќе ги бираме девизните инспектори. Нивното работење ќе биде доста значајно и затоа е потребно да биде ова регулирано во една правна законска рамка, кога веќе носиме ваков посебен закон.

Незнам зошто е потребно брзање и зошто е потребно носење на овој закон во скратена постапка. Тука морам да истакнам дека праксата на Владата да ни нуди закони кои ќе одат во скратена постапка, а не во редовна постапка, во фази и понатаму продолжува и од некои истраги кои сум ги направила покажува дека во овој парламентарен состав скоро половина од законите се носат во ваква скратена постапка што не е во редбидејќи ни поминуваат закони со фалинки, и во нивната примена ќе имаме проблеми. А, дека е така е доказ што закони што сме ги донесле за брзо време се враќаат во Парламентот со предлог за измени и дополнувања.

Да ја почиуваме деловничката одредба, законите да се носат во фази особено кога не е потребно нешто итно да се донесе, а тоа е овој случај затоа што можноста за донесување на ваков закон се создаде уште во 2000 година, значи по четири години, дури сега ние го носиме овој закон, значи не било потребно никакво брзање. Како што досега работел девизниот инспекторат може да поработи уште месец или два. Инсистирам и барам да оди само првата фаза на денешната седница односно да ја цениме потребата за донесување на закон со сите укажувања и забелешки што ќе следат од расправата.

Втора моја забелешка освен она што беше околу начинот на избор на инспекторите е, нема казнени одредби. Мислам дека во преодните и завршните одредби требаше да се посочи да се упати каде е тоа регулирано, меѓутоа тука има една специфичност, беше искажано мислење дека не е потребно казнени одредби затоа што тие се регулирани во кривичната материја и во прекршочната. Има една ситуација каде што во самиот предлог се вели дека инспекторот неможе да прими подароци. И, сега се поставува прашањето, што ако инспекторот прими подарок. Како ќе го санкционираме тоа.

Во кривичната материја никаде не е казниво примањето на подарок. Меѓутоа, ова е навистина посебна област, посебна материја каде што таквото дејание би требало да биде казниво. Во овој Предлог-закон воопшто не е спомнато како ќе се справиме со оние инспектори кои ќе примаат подароци, како нив ќе ги казниме, затоа што во кривичната материја не е санкционирано примањето на подароци. Ова е еден пример кој укажува дека беше потребно во овој Предлог закон да влезат и

казнени одредби и да ги регулираат оние специфичности кои се среќаваат при работењето на Девизниот инспекторат.

И, трета работа на која имам забелешки, тоа е преголемата врзаност на работењето на Девизниот инспектората за министерот за финансии. Значи, постои силна зависност пред се на директорот на Инспекторатот од министерот. Конкретно во членот 5 и за контакти со јавноста односно со средствта за јавно информирање за актуелните состојби од надлежност за инспекторатот директорот на Инспекторатот ќе треба да бара одобрение од министерот. Ова е навистина голема врзаност, голема зависност на работењето на Инспекторатот за министерот. Мислам дека не е потребно. Ваквиот орган сепак треба да има одредена самостојност во работењето, а секако дека е потребен надзор, пред се, од Министерството за финансии.

Тоа се моите забелешки што имав да ги изнесам по однос на овој Предлог-закон, со уште еднаш, барање да се повлече Предлог на законот, денеска да расправаме од потребата за донесување односно само во прва фаза. А, тука да напоменам колку е важно она што го спомнав околу изборот на инспекторите, како тие ќе бидат бирани лек-специјалис. Еве на пример во Законот за ревизија исто така е напомнато кој под какви услови може да биде ревизор. Тоа е сторено во членот 25. И ова е таков тип на закон и сосем е оправдано и сосем е потребно во една посебна глава, во неколку одредби да биде регулирано кој и под какви услови ќе може да биде државен девизен инспектор.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Лалчевска.

За збор се јави господинот Аднан Јашари.

Повелете господине Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Ви благодарам господине потпретседателе, јас ќе кажам два три збора во врска со понудениот Предлог закон со што ќе сака да се уреди прашањето за функционирањето и надлежностите на девизните инспектори. Како што знаеме сите ова прашање досега било уредено со Законот за организирањето на државната власт со што прашањето со нефункционирањето на Државниот инспектор било уредено во рамките на тоа што се вика како организациона единица во рамките на Министерството за финансии.

Со овој предлог се дава можност Девизниот инспекторат да стекне еден поинаков статус или статус на орган во рамките на Министерството за финансии. И покрај тоа, анализирајќи го текстот на Предлог-законот лично дојдов до констатација дека така како што рече и претходната колешка дека овој закон е добро да оди во две фази. Ова го велам поради неколку причини.

Првенствено анализирајќи го членот 1 од понудениот закон каде се говори за девизното работење иако сум свесен дека прашањето на утврдувањето на тоа што е девизно работење, се утврдува со законот за девизно работење, би било добро со овој закон да се утврди што во суштина претставува девизно работење. Се говори за резидентни  и нерезидентни, но не се дава кој може да биде резидентен или нерезидентен во согласност со овој закон.

Од друга страна во истиот член се говори за трансакции или за надлежности кои се во надлежност на државниот девизен инспектор, додека истите надлежности во согланост со тоа што е предвидено во Законот за хартии од вредност е предвидено како надлежноаст на Комисијата за хартии од вредност. Кога говорам за ова сакам да го кажам и следново дека ова не го прават само државниот девизен иснектор, туку ова го вршат и некои други органи како Комисијата за хартии од вредност во Министерството за економија и тн., и токму поради ова јас оценувам дека би било добро и после тоа со овој закон да сен аправи оваа определба што е надлежност на Државниот девизен инспекторат и со други закони со кои се регулира дејноста на другите органи што е во надлежност на Комисијата за хартии од вредност, на Министерството за финансии и тн.

Од аспект на постапката  на изготвување на жалбата или на развојот на постапката во врска со овие работи исто така не се опфатени сите случаи, и од терминолошки аспект имам забелешки употребени во овој закон кој што се разликува од Законот за управна постапка. Да не заборавиме дека и покрај тоа во оваа насока Законто за управна постапка е општ закон и терминологијата е употребена во тој закон е терминологија која треба да се употреби во овој закон во сегментот што го нагласив и претходно.

Колешката искажа една друга одредба од овој закон како што е на пример со која одредба се говори за надлежностите на републичкиот девизен инспектор но не се говори за лицето кој може да биде републички девизен инспектор. Или на пример во една друга одредба или друг простор кој што се дозволува со овој закон, што лично за мене е една законска празнина, се говори за начинот на остварувањето на девизниот надзор, но и покрај тоа се дозволува простор во однос на тоа дали

девизниот инспектор ќе има можност во текот на остварувањето на девизниот надзор привремено да земе одредени книги или други документи, исправи кои се значајни за законско вршење на таа работа. Ова е еден простор и покрај тоа што со овој закон не е предвидено, но со некои закони каде што се регулираат надлежностите на соодветните органи како што е на пример даночниот инспекторат и другите прашања се уредени со овој закон.

Еве ќе земам уште еден пример во членот 13 алинеја 2 се говори за записникот кој се изготвува од страна на девизниот инспектор, но и покрај тоа се остава една празнина каде што се вели дека треба да се предаде на субјектот, а не се нагласува кој е тој субјект на кој треба да му се поднесе.

Поради овие причини би било добро и покрај тоа овој Предлог-закон да оди во две фази.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви благодарам господине Јашари.

Повелете господине Караџоски, имате збор, потоа нека се подготви пратеникот Арсовски Славе.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Јас се јавувам во името на Комисијата за финансирање и буџет, како нејзин известител и би сакал да кажам што како став Комисијата заседе. Извештајот е тука поделен, јасно е, меѓутоа морам да напоменам една работа дека овие дискусии кои што сега произлегуваат по овој закон не се ништо друго освен она што провејуваше на самата комисија. Таму се отвори дилемата дали овој закон треба да оди вака како што е предложен или треба да оди во две фази, со сите оние забелешки кои што ги имавме можност да ги слушнеме. И, морам да напоменам дека, еве неколку седници Комисијата за финансирање и буџет работи со повереници, претставници на Владата нема, немаше ни тогаш кога се расправаше по оваа точка. Доколку имаше можеби овие дилеми ќе беа отстранети и немаше да се повторуваат тука. Но, имајќи го чувството дека Владата е во оставка прифативме и така да го разгледаме овој предлог.

Во суштина сакам да кажам дека сите овие забелешки кои што сега произлегуваат држат место, дека законот е неспорно дека е потребно да се донесе, тоа е многу јасно, тоа е и обврска на самиот закон за органите за државна управа, тоа е тоа што девизниот инспекторат сега добива статус на орган во рамките и во

состав на Министерството за финансии. Тоа е главната причина поради која што се наметна потреба од донесување на овој закон. Меѓутоа со оглед на она што не е од вчера туку од 2000 година е донесен тој закон требаше да се пристапи многу повнимателно и многу посеопфатно кога се пишуваше текстот на овој закон и зарди тоа сите оние забелешки кога ние како пратеници настојуваме законот да се носи во редовна процедура.

Незнам зошто Владата мислеше дека со скратување на роковите и со предлагање вака закон само ќе се задоволи потребата, еве, да се донесе закон меѓутоа без да се гледа што ако се донесе со одредени недостатоци.

Сите забелешки што и на Комисијата и сега ги слушнавме, значи во делот на надлежноста на инспекторите, во делот на персоналниот состав кои се критериуми за нивно назначување и именување, во делот на казнените одредби, во делот на антикорупциските норми кои што се воведуваат со овој закон сето тоа заслужува посеопфатна анализа и подобро решение затоа што навистина има пропусти.

Од повереникот на Владата на Комисијата беше истакнато дека Владата ќе ги има во предвид забелешките на Комисијата дека најверојатно до почетокот на седницата нешто и ќе преземе во тој правец, со амандман или нешто слично, меѓутоа до почетокот на разгледувањето на оваа точка ќе гледаме нешто Владата во тој контекс нешто да направи.

Укажувањето од претставниците на Владата дека по делот на забелешките во смисла на казнените одредби како и во делот кој може да биде девизен инспектор и кои услови треба да ги исполнува дека важат одредбите од Законот за девизното работење и од Законот за државните службеници, меѓутоа тоа треба да се каже, да се образложи или со еден член во овој закон тоа да се истакне. Тоа што не се упатува на примена на некоја друга норма ќе создава забуна.

Бидејќи станува збор за специфичен закон, закој кој што регулира една конкретна материја, треба да стојат и конкретни одредби.

По однос на казнените одредби, колешката Ристана Лалчевска кажа, со оглед да се воведуваат нови членови, членот 18, членот 19, каде што се зборува за антикорупциските елементи што ги внесува овој закон неможе да се повика на Кривичниот закон и на Законот за прекршоци, бидејќи овие два члена се нешто поспецифично. Значи примањето поклон, вршењето надзор и така натаму треба да биде регулирано со одредени казнени одредби, доколку не се испочитуваат овие два члена членот 18 и членот 19 или подобро да се опише што тоа значи поклон, која вредност би била таа што би претставувале казнива или која би била што не би

претставувала казнива. Така да, немаше ништо да недостасува доколку тоа се регулираше и во овој закон и доколку сите овие забелешки што ги искажа и Комисијата, но и овде присутните членови, односно пратеници укажуваат дека некои работи треба да се доразјаснат.

На самата Комисија беше покренато и прашањето за именвуање на заменик директор. Во членот 4 се предложи став 2 кај повереникот на Владата кој беше на Комисијата постоеше расположение да се прифати тој амандман, меѓутоа го немаше ставот на Владата така што сега имаме прилика, поднесени се амандмани од пратеници, меѓу другото и во тој дел.

Се разговараше и во однос на членот 5 каде за комуникација со средствата за информирање надлежниот инспекторат треба да бара одобрување од Минисатерството за фнансии односно од министерот, тоа беше доста разговарано во насока на ограничување на слободата на дејствување на девизните инспектори.

Имаше и други забелешки и до почетокот на расправата Владата требаше да излезе со она што го зеде како обврска на самата Комисија, меѓутоа, тоа го нема и затоа сите дискусии во насока на тоа овој закон да се гледа во редовна постапка држат и на Комисијата беше покренато тоа прашање, таму се гласаше, но, за жа, бевме надгласани, но сметам дека нема да изгуби ништо доколку претставникот на Владата го прифати предлогот на пратениците кои го дадоа, а и јас се приклучувам овој закон да оди во редовна процедура поточно да се повлече предлогот на законот и во меѓувреме да се изготви навистина закон кој ќе биде сеопфатен и кој ќе ги опфати сите забелешки кои колегите пратеници ги искажаа.

Толку, се надевам дека претставникот на Владата е тука, па барем во однос на овие забелешки може да каже што е став на Владата за да знаеме како да се произнесеме по самиот закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Караџоски.

Повелете г-дине Арсовски  имате збор.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

И јас би дал свое мислење во врска со овој закон иако лично принципиелно сум подобро да одиме на пократки закони, а ефикасно да се применуваат. Еден од таквите е овој кој регулира една проблематика од финансиската сфера, се разбира, кога се работи за финансиите таа проблематика има тежина, а тоа е девизната политика. Добро е што се прави на почеток еден исчекор напред во формирањето на посебен орган во рамките на Министерството за финансии, а тоа е Девизниот

инспекторат кој ќе ја регулира оваа проблематика и токму во членот 3 опфатена е целокупната лепеза на активности кои треба да ги има Девизниот инспекторат во смисла на регулирање на ова прашање, а имајќи во предвид во денешни услови на отворена економија и во разно разна соработка на сите субјекти од меѓународни размери и на нашите деловни субјекти и оваа проблематика мора да се регулира по тој основ.

Успешноста во одвивањето или работењето на Девизниот инспекторат како самостоен орган сигурно нема да биде истите активности да ги изврши доколку нема соработка со други институции кои ја регулираат оваа проблематика од финансиската сфера. Нешто спомна Аднан Јашари во смисла на Комисијата за хартии од вредност, во смисла на финансиски ревизори, значи соработката на Девизниот инспекторат по тоа прашање ќе има подобри резултати до колку таа соработка биде непосредна, активна и во секој момент да се следат тие финансиски токови во нашата земја.

На Комисијата за финансирање и буџет потекнаа некои прашања меѓу кои и јас, а повереникот на Министерството за финансии ги објасни и како такви ги зеде во предвид и во делот на назначувањето на инспекторите, нивното образование кој се може да биде многу е побитен начинот како ќе ја извршуваат својата функција, тоа прашање било регулирано со Законот за државни службеници и Законот за девизно работење и по сите закони да се пишува што треба, по тој основ не би се согласил како една од главните забелешки во делот на самите девизни инспектори. Многу е побитно прашањето како девизните инспектори си ја извршуваат својата функција, а токму во Глава 3 сите надлежности и овластувања кои ги има девизните инспектори и тежината на работата која треба да ја извршуваат е наведена и нивната одговорност е доста голема. Тој што извршува соодветни работи и активности не значи секогаш да ги извршува во рамките на она што е предвидено, можат да се прават соодветни грешки, дадено е во членот 13 некои одлуки кои ги носи девизниот инспектор и субјектите каде се врши таа девизна инспекција да имаат право на жалба и тогаш е предвидено во соодветен рок на истата жалба да се одговори.

Во делот на казнените одредби иако има напомнато коруптивно однесување, тогаш повереникот на Владата истакна како е регулирано истото прашање и мора да истакнеме дека ова е чекор напред во подобрувањето на оваа проблематика и добро е што го носиме овој закон каде навистина се опфатени сите надлежности кои треба да ги изврши овој Девизниот инспекторат како орган во Министерството за финансии.

Јас во името на пратеничката група на СДСМ ќе му дадеме подршка за негово донесување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Којзеклиска реплика од три минути.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Внимателно го сослушав колегата Славе Арсовски во однос на неговите забелешки или коментар на Предлогот за донесување на  закон за девизната инспекција. Ќе кажам дека никој не ја спори потребата, ни еден од колегите не кажа дека нема потреба од донесување на овој закон, потреба има, проблемот е во постапката затоа што е предложен во скратена постапка.

Самиот колега Славе Арсовски  укажа на забелешките искажани на Матичната комисија имаат своја тежина и претставникот на Владата можеби требало да размисли за сите забелешки кои биле изнесени на Комисијата за финансирање и буџет. Не се согласувам само во делот на она што го кажа за образованието дека не е важно какво образование, важно е како тие ќе ја извршуваат својата работа предвидена во членот 3 по овој закон. Ако немаат образование, почитуван колега, како ќе знаат што треба да работат посебно се работи за еден специфичен орган тоа е девизна инспекција, тогаш зошто ни треба образование како процес кој постои во секоја држава. Таа забелешка не ви е во ред.

Уште еднаш ќе потенцирам дека никој не ја сори потребата од донесување, но ако веќе ги донесуваме законите мора да ги донесуваме во редовна постапка и барем забелешките кои се однесуваат на делот на казнените одредби сепак инспекторите имаат своја надлежност, имаат своја легитимација можат да влезат во сите правни субјекти кои се бават со таков вид трансакции или работа, а од друга страна предлагачот на овој закон бара сето тоа да се заврши во скратена постапка и овој закон да го донесеме по скратена постапка. Тоа не е во ред посебно казнените одредби, примањето поткуп, давањето поткуп како едно од најекспонираните кривични дела во периодот 2002-2004 година и тоа треба да се имплементира и да не правиме експерименти во давање на закони, па дополнување, изменвуање и т.н.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Арсовски една минута контра реплика.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Илузорно би било оваа функција да ј аобавува некој што нема образование, можеби сум направил лапсус ако сум рекол без образование. Јас реков дека тоа

прашање е регулирано во Законот за девизно работење во смисла на тоа кој може да биде девизен инспектор иако лично сметам дека таа проблематика можат да ја работат економисти, не затоа што сум јас економист, но сепак од економска сфера, не може да биде некој ветеринар да работи во сферата на девизната инспекција, ако сум направил лапсус и сум рекол без образование, се повлекувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата треба да пристапиме кон гласање на заклучокот.

Расправата е завршена, но заменик министерот за финансии сака нешто да дообјасни.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Владата го предлага законот за децизна инспекција да се донесе по скратена постапка користејки ги одредбите од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, меѓутоа, сметајќи дека е ова по обем мал закон со оглед на тоа што овој закон ја регулира оваа проблематика на девизната инспекција Девизниот инспекторат е орган во состав на Министерството за фиансии, а негова проблематика на работа е најдирекно врзана со Законот за девизно работење на Република Македонија.

Според тоа, тој закон е носечкиот закон и предмет на работа што ја извршуваат девизните инспектори.

Од аспект на степенот на образование според законите кои се во важност, Законот за работа на органите на државната права предвидено е степен на образование за девизен инспектор стручна подготовка да биде ВИИ/1 завршен економски и правен факултет и работно искуство од 3 години.

Од аспект на казнените одредби тие се регулирани, бидејки работиме според Законот за  девизното работење.

Забелешките, размислувањата кои се дадени на комисиите каде Законот има добиено проодност по оваа постапка да се донесе во  еден дел ќе бидат прифатени така што ќе имаме корекција на таа работа во наредната фаза на расправа денеска и со тоа го затвораме ова прашање со донесување на законот за девизната инспекција.

Според тоа, мислиме дека е потребно денеска овој закон да биде донесен, краток е по обем, само ги регулира прашањата на Државниот девизен инспекторат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, дали имаме кворум?

Ве молам утврдете го бројот на присутните.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Ги молам пратениците имаме уште 15 минути до паузата, па ако им треба пауза ќе ја имаат за петнаесетина минути.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за девизна инспекција.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 56 пратеника, 50 гласале за, 4 воздржани, 2 против, а како што реков во Собранието се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 50 пратеника, 43 за, 1 воздржан, 6 против, а во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Џевдет Насуфи поднесе амандмани за менување на член 4, член 5 и на член 11 за бришење на став 2, по кои Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 4 став 1, член 13 став 4, член 14 став 1, член 15 став 1 и 3, член 17 и на член 18 став 2.

Отворам претрес по амандманот за менвуање на член 4 поднесен од пратеникот Џевдет Насуфи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер Димко Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 51 пратеник, 6 гласале за амандманот, 2 воздржани, 43 против, а во салата се присутни 67 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер Димко Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот  се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот  е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од пратеникот Џевдет Насуфи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер Димко Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот  не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не  е прифатен.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеника, 7 гласале за амандманот, 1 воздржан, 44 против.

Во салата се присутни 68 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 4 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер Димко Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер Димко Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 15 ставови 1 и 3 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер Димко Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер Димко Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер Димко Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеника, 51 за, нема воздржан, 5 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот, бидејќи се гласа законот.

Во салата беа присутни во моментот на гласање 67 пратеника.

Констатирам дека Собраието го однесе Законот за девизна инспекција.

(Објавувам пауза до 14,00 часот.)

(по паузата седницата продолжи со работа во 14,00 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Гимолам пратениците да влезат во салата.

**Минуваме на точката 21**

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите, со Предлог на закон

**Предлогот за донесување на закнот, Извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и дописот на ЗПК ви се доставени односно поделеин.**

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.

Повелете г-ѓо Костадинова, а потоа нека се подготви пратеникот Петар Апостолов.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани претставници од Министерството, колеги пратеници,

Сосема на кратко ќе се вклучам во расправата по Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за шумите, со Предлог на закон.

Имајќи го предвид значењето на шумите како од економски, така и од еколошки аспект, неопходно е да имаме таква законска регулатива, што ќе ни овозможи заштита на шумскиот фонд од прекумерна експлоатација, заштита од несовесните шумократци, заштита од пжари, од шумски штетници и сл. Сето тоа е регулирано во Законот за шумите донесен во 1997 година, а е менуван и надополнуван во 2000-та година. Но, бидејќи ништо не е статично и кај примената на Законот за шуми во пракса, се констатирани одредени слабости, што преку овој Предлог, интенцијата на законодавецот е да се надминат.

По мое мислење, промените што се нудат се позитивни. Би ги групилава во три дела:

Прво, промени во функција на техничко дотерување на Законот..

Второ, промени што имаат за цел финансиско ратоварување на претпријатијатијата што стопанисуваат со шумите.

Трето, промени во казнените одредби , односно нивно надополнвуање.

Во првиот дел, промените што се предлагаат го регулираат статусот на Заводот за шуми, што целосно ќе премине  во склоп на ЈП “Македонски шуми “ Скопје. Имено, тој, како орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, сега е практично со недефиниран статус. Односно, по донесување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, од јули 2000-та година не е зацртан во организационата шема на надлежното Министерство.

Ако се вратиме неколку години назад, пред формирање на Заводот, работите за изработка на плановите претпријатијата од обласса на шумарството ги доверуваа на разни специјализирани претпријатија формирани за таа цел, како што беше “Шума-проект” Скопје. Некои ги доверуваа на Шумарскиот факултет, потоа на некои приватни претпријатија и поединци. Па, одкако преовлада сознанието дека изготвувањето на плановите надвор од претпријатието не носи позитивни ефекти и не го дава потребниот квалитет, во 1997 година, е формиран Заводот за шуми. Со тоа се очекуваше дека сите тие слабости ќе се надминат. Но и таа идеја се покажа

како непрактична и краткорочна. Заводот, практично и не профункционира во состав на Министерството. Туку, во 1999 година, се припојува како сектор за уредувањсе на шумите и за проектирање во состав на ЈП на Македонски шуми, централа Скопје.

Всушност, измената во Законот е во неговото официјализирање во рамките на ЈП, каде што ќе му се доделат задачи што ќе овозможат стручно и планско одвивање на општокорисните и производните функции на шумите. Со самото тоа ЈП ќе ги превземе вработените и работата, потоа средствата, опремата и документацијата што Заводот ги има до сега. Тоа е регулирано во членот 17 и 18 од измените во Предлогот што ни се нуди.

Од причина што донесувањето на долгорочните планови за стопанисување со шумите е сложен и обемен процес и нивната изработка го регулира стопанисувањето со шумите за период од 10 години, со измените во постојниот закон се предлага пофлексибилно решение. Така што им се остава простор на претпријатијата од областа на шумарството кои не го изработиле посебниот план во предвидениот рок, односно по истекот на 10-те години, да можат да работат по тековниот. Но, најмалку уште една година откако ќе измине неговата важност.

Одредени позитивни измени во Законот се прават и во функција на заштита на шумите од бесправните сечи од страна на физички лица. Имено, такво нешто беше овозможено со извршените измени во Законот во 2000-та година кога беше дадена можност физички лица да можат за сопствени потреби да можат да вршат сеча во државна шума. Тие измени во пракса се покажаа целосно со негативен ефект врз користењето на шумскиот фонд, затоа што овозможуваа редица девијантни појави и манипулации: поголема сеча на дрвна маса од предвидената, односно планираната.

Бидејќи шумскиот фонд е национално богатство со непроценлива вредност напорите и мерките на државата, во чија сопственост е најголемиот дел, покрај приватните шуми, треба да се насочени кон тоа тој фонд најадекватно да се заштитува од бесправни сечи. А, исто така да се има што е можно подобра контрола на прометот на сите производи од дрво.

Од таа причина се врши надополнување на постојниот закон, во членот 56 каде што се додава нов став со таа цел.

Вториот дел на измени се овие што по мое мислење ќе ги израдуваат вработените во ЈП “Македонски шуми” заедно со подружниците. Практично, се работи за намалување на стапката за финансирање на шумската полиција од 5% на

2%, односно за цели 3% од вредноста на продадената количина дрвна маса. Овие средства задолжително месечно се уплаќаат на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на посебна сметка, со намена за финансирање на шумската полиција.

Почитувани колеги,

Од пракса е познато дека најдобар стопан е оној кој се грижи за својот имот. Па затоа овие 3% средства што ќе остануваат во претпријатието, а што практично се даваат со ова намалување, а не се мал износ, ќе бидат наменети за формирање на интерна служба за обезбедување на шумите и за опремување на таа служба.

Второто финансиско растоварување на шумските претпријатија се овозможува повторно преку намалување на една задолжително пропишана стапка , а тоа е процентот за проста репродукција на шумите што од 12%,колку што е сега, со овој Предлог се намалува на 10%. Имено, досега ЈП и другите претппријатија што вршат заштита и одгледување на шумите, задолжително секој месец издвојуваат по 12% од вредноста на исеченото дрво, по цена франко камионски пат во шума, не од продажната цена. За тие средства се води посебна книговодствена евиденција и се наменети за проста репродукција на шумите. Односно, за одгледување и заштита на постојните шуми, за техничко опремување, на пр. набавка на моторни пили и сл. а неискористениот дел се уплаќа на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за формиртање на потребните работи за одгледување и заштита на шумите (изработка на планови за стопанисување на шумите во приватна сопственост и сл.).

Значи, се работи за висок износ на средства што го оптоварува финансиското работење на претпријатијата од областа на шумарството.

Со одредбата што се предлага во измените се дава можност претпријатијата овие средства да ги користат и за изградба и за шумски патишта што до сега не им беше овозможено. Всушност со намалување на задолжителниот процент од 12 на 10%, за 2% и со проширување на можноста како одбитна стапка да се користат и средствата наменети за изградба на шумски патишта, со тоа повеќе средства ќе остануваат во претпријатијата а помалку ќе се уплаќаат во матичното министерство , што сметам дека е за поздравување и ќе има позитивен ефект во нивното финансиско работење.

Друга погодност што им се дава на претпријатијата од таа дејност е и можноста општиот план за стопанисување со шумите да го донесат во рок од две години по стапувањето во сила на овој закон. Односно, одкако ќе обезбедат

финансиски средства за негова изработка или најдоцна до 31 јули 2007 година, одкако ќе се консолидираат со тие погодности што им се даваат.

На крајот, предвидени се измени во казнените одредби, се со цел да се исполни основната интенција на Законот, а тоа е подобра заштита на шумите.

Од причина, како што веќе напомнав, бидејќи се нудат некои позитивни решенија во дејноста каде што сум работела претходно, ќе го прифатам предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за шуми.

Благодарам за вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓо Костадинова.

Повелете г-дине Апостолов, а потоа нека се подготви пратеинкот Србиновски Илија.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Благодарам.

Почитуван претседател, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Иако во самото образложение се потенцира дека со измената и дополнувањето на Законот за шумите изменети се повеќе од техничка природа, сепак сметам дека самиоте измени не се за потценување, бидејќи некои работи навистина се допрецизираат, а некои се враќаат на ниво од февруари 2000-та година.

Колешката пред мене доста нашироко зборуваше а јас би се задржал само на два члена и тоа на членовите 22 и 37.

Во првиот член, во членот 22 имаме допрецизирање на важноста на посебниот план за стопанисување со шуми и посебниот план за одледување и заштита на шумите. Познато е дека врз основа на Општиот план за стопанисување со шумите за стопански намени ЈП донесува посебен план за период од 10 години. Но, често пати во пракса тие нови планови неможат да се донесат во предвидениот рок, па затоа се предлага да може да се стопанисува со постојниот план, но не повеќе од една година по истекот на неговата важност. Значи, ако помине повеќе од една година тогаш практично имаме забрана на сеча на шумите.

Измените и дополнувањата на членот 37 што за мене е едно од најважните дополнувања, практично значи зголемување на заштитата на шумите од бесправни сечи од страна на физички лица. Да се потсетиме, во Измените и дополнувањата на Законот за шумите од февруари 2000-та година можеа и физички лица да вршат

сеча во државни шуми за сопствени потреби. Но, за жал таа одредба од законот беше злоупотребена и се вршеше неконтролирана сеча надвор од планираната и тоа колку што јас имам информација некаде 4 до 5 пати повеќе од она што е планирано. Ова ќе го илустрирам со пример од Подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство што стопанисува со шумите и тоа во Гевгелиска општина. Нема да ве заморувам со бројки, ќе ги кажам само неопходните :

Значи потребите на Гевгелиска општина со огревно дрво се движат од 12 до 13 илјади метра кубни.

Во 2001-та година се продадени околу 8.600 метри кубни огревно дрво , во 2002-та година околу 4.800 и во 2003 -та година некаде околу 8.400. Во исто време, потребите на населението биле задоволени, а бидејќи ја надминува дозволеата сеча, очигледна е злоупотребата на оваа одредба. Многу шуми што бесправно се исечени и тоа најчесто покрај патичтата, односно во близина на населените места, по се изгледа тоа е заради полесен и побрз транспорт, но тоа се одразува на квалитетот на живеење во самото населено место заради, пред се ерозијата и поплавите, а во Гевгилија и Гевгелиско знаеме што ни се случи. Од друга страна исто така и за безбедно одвивање на сообраќајот заради одрони на самите патишта. Затоа ни се потребни и дополнителни финансиски средства, односно за чистење на самите патишта.

Значи, комплексот сечење на шума не е само физичко сечење на шумата, туку напротив тоа е леден целосен комплекс што треба да се разгледува од различни агли.

Со неконтролираната сеча се пореметува и планот за пошумување, бидејќи за да се реализира оптимално, заради енормната неконтролирана сеча, нема да биде адекватно и самото пошумување. Само за информација дека дабовата шума да се регенерира односно самата да се продуцира потребни се повеќе десетици години, а додека буковата шума никогаш не се обновува, бидејќи нема способност за сопствена репродукција.

Сигурно, имаше физички лица кои вршеа сеча за своите сопствени потреби и затоа не треба да бидат револтирани кон предлагачот на измените и дополнувањата , туку напротив треба да бидат револтирани кон оние кои бесправно сечеа во шумите. Затоа, на свој начин го загрозуваа шумскиот фонд. Ако има можност, на некој начин, со подзаконски акти да биде регулирана оваа материја, а услов за тоа е

да се врши строга контрола, што мислам дека е доста тешко, тогаш сметам дека на оние кои вршат сеча навистина за своите потреба да можеме да им удоволиме.

На крајот, сметам дека потребите од финансиски средства за донесување на општиот план за стопанисување со шумите треба да се надминат и планот што е предвиден да се донесе некаде до 31.07.2007 година, да биде донесен порано.

ЛДП ќе ги подржи овие измени и дополнувања на Законот за шумите.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине Србиновски вие сте на ред, а потоа нека се подготви пратеникот Марјан Ѓорчев.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе.

Би земал збор и јас за некој коментар во однос на Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите. Би говорел за членот 1 од Измените и дополнувањата на законот за шумите, заради стручно и планско на општокорисните и производните функции на шумите, работите на Заводот за шуми ги презема претпријатието за стопанисување со шуми “Македонски шуми”.Ако оваа измена во членов 1 треба да отпадне, затоа што Заводот за шуми проектира и прави програми и шумско-стопански основи со кои што се определува обемот, квалитетот и количината на дрвната маса што треба да се сече во шумите.

ЈП “Македонски шуми” стопанисува со шумите, односно е заинтересирано што поголема количина на дрвна маса да посече и да продаде за да оствари што поглем доход односно поголема добивка. Ако Заводот за шуми премине во ЈП “Македонски шуми” испаѓа дека ЈП “Македонски шуми” самото ќе си одредува која количина на дрвна маса ќе посече, кој квалитет на дрвна маса ќе се сече и др. Затоа што Заводот за шуми ќе биде во склоп со ЈП “Македонски шуми”, инжинерите кои ќе работат во Заводот за шуми директно ќе бидат зависни од ЈП “Македонски шуми” и не ќе можат стручно и одговорно да вршат планирање и проектирање заради планско остварување на општокорисните и производните функции.

Под поимот “стопанисување со шумите” се подразбира уредување, заштита и користење на шумите, што всушност нема ништо заедничко со планирањето во шумарството што со овој Предлог на закон се сака да се легализира со преземањето на Заводот за шуми во ЈП “Македонски шуми”.

Заводот за шуми, согласно член 10 од Закнот за шумите треба да се формира во составот на Министерството земјоделство, шумарство и водостопанство, што е предвидено во Законот, а потоа да се трансформира во ЈП или агенција за проектирање и уредување на шумите. Значи, изготвува општ план за стопанисување со шуми што треба да се изработи со донесувасње на законот од што понатаму произлегува изработка на проектирање на шумски патишта и други шумски објекти што се во функција за стопанисување со шуми и ловишта во Република Македонија.

Досега Заводот за шуми беше при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Според постојниот закон за шуми, тоа беше членот 10. Со овие измени што се предлагаат ќе се створи една навистина хаотична ситуација. Оној што стопанисува односно што сече сам да си планира и да си проектира и да си предвидува колку каква дрвна маса ќе посече. Ако измените од член 1 односно ако членот 10 од постојниот Закон за шуми се измени ќе озакони огромна експлоатација на шумите односно ќе се озакони невиден пустош на самите шуми. Затоа измените од овој член не треба да се прифатат, а Заводот за шуми да си остане при Министерството за земјоделство и шумарство како што стои во постојниот Закон за шуми. Со ваквите измени шумите кои што се и онака се во лоша состојба ќе дозволиме уште повеќе да се опустошат и тоа ние како Собрание сето тоа ќе го озакониме.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Србиновски.

Реплика за господинот Ѓоргиев, повелете три минути.

ВАНЧО ЃОРГИЕВ:

Благодарам претседателе.

Очигледно господинот Илија Србиновски нема навлезено во овие материјали кои што му се доставени. Имено, на Комисијата разговаравме и по измените на овој член, сите се усогласивме дека Заводот за шуми треба да остане во состав на Јавното претпријатие Македонски шуми. Со донесувањето на Законот за организација и работа на органите на државна управа во јули 2000 година во составот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не е предвиден закон за шуми. Тоа значи ако тој сака тоа што го вели да биде законот за шуми во состав на Министерството ни требаат претходно и измени на Законот за организација и работа на органите на државна управа. А во меѓувреме веќе Заводот

за шуми е припоен во состав на Јавното претпријатие Македонски шуми и функционира како Сектор за уредување на шумите и проектирање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата на Република Македонија,

Јас би сакал во врска со целта на овој закон да истакнам дека и покрај тоа што во образложанието е наведено дека при практичната примена на Законот за шуми се воочени низа недоследности и неправилности, недостатоци и за таа цел повеќе од техничка природа се овие измени при што сметам дека целокупната проблематика со шумите и целиот аспект на организација како во делот на управната постапка во Министерството така и во делот на стопанисувањето, значи целокупниот аспект на управната постапка која што се води во Министерството и оној дел што претставува стопанисување со шумите преку јавното претпријатие, понатаму контролата, целокупниот оној сегмент на понатамошна преработка на дрвото и сите продукти од дрвото, сепак налагаат да се донесе еден конзистентен нов закон за шуми би рекол со должно оправдување за доцнењето на таков закон заради проблемите со Катастарот и евиденцијата на сите шумски површини без чие што фактички точно утврдување не би можело овој закон да биде целисходен. Инаку, во членот 1 и во членовите 10 па и натаму, значи во делот на она што претставува измените на Законот од 2000 година како и во делот на казнените одредби, јас немам забелешки и мислам дека тие одредби за казнените мерки и во делот на одредбите од Законот во член 1, односно измените и дополнувањата на законот дека се во ред. Меѓутоа, јас редоследно ќе почнам, односно ќе се произнесам почнувајќи од член 2 и некои мои видувања за тоа како требало овој закон да биде како измена и дополна да ги регулира тие членови.

Во членот 2, сметам дека овој член не треба да се прифати како член за измена и дополна на постојниот Закон за шуми, затоа што во шумарството однапред се знае кој план кога истекува и кога треба да се донесе нов според сегашниот закон и според Правилникот за изработка на посебни планови. Нелогично е да се доцни со изработка на нови планови и тоа може да се случи само од субјективна причина, не може да има објективна причина. Објективно овие планови треба да се донесат на време, а доколку не се донесат консеквенциите треба да ги сноси стопанисувачот со шумите, затоа што навремено не планирал таква активност. Овие консеквенции се

однесуваат на забрана за стопанисување во тие стопански единици за кои што нема донесено нов посебен план.

Во член 3 исто така сметам дека во постојниот член од Законот за шуми кој што го третира евидентирањето на прометот со дрво е добро регулирана евиденцијата и овој член не помага како член во Предлог законот за измени и дополни таа евиденција да биде подобрена. Напротив, меѓните стебла како и стеблото од ретки видови дрвја исто така влегуваат во прометот со дрво. И тоа претставува добра можност за манипулирање, ако се нема евиденција. Исто така, според она што претставува европски директиви кои што нашето Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство е должно да ги следи. Уште од 2000 година, па и најновата европска директива упатува дека во земјите на Европската унија и тоа е директива која што ќе важи од 01.01.2005 година, не смее да има промет со дрва и производи од дрва ако истите немаат сертификација, што ќе рече дека мора да им се знае потеклото, реонот од каде што потекнуваат и начинот на сеча според правилата на трајно стопанисување со шумите. Значи, во тој контекст се вклучени и меѓните стебла и она што претставува стебла од ретки видови дрвја.

Во членот 4 кој што мислам дека е најсуштествен за овие измени претставува враќање, одредбите на овој член од Законот за измени и дополнувања на Законот за шумите претставува враќање на состојбата од 1997 година т.е. бришење на измената од 2000 година со која што се овозможува т.н. селска сеча во оние недостапни рурални предели на Република Македонија каде што населението треба на специфичен начин да ги задоволува потребите од огревно дрво пред се. Чинам дека намерата на предлагачот на законот е добра, со цел да се запазат шумите. Меѓутоа, морало да се изнајде еден нов моделитет, ако веќе се укинува селската сеча заради констатирање на аномалии заради констатирање на ред недоследности во таа селска сеча и неможноста од контрола, тогаш морало да се измисли, односно да се наведе во овој член на каков начин селските домаќинства во тие рурални и непристапни региони во Република Македонија ќе можат да набавуваат огревно дрво од испоставите, единиците на Јавното претпријатие Македонски шуми и тоа да биде сместено во посебен правилник за обезбедување со огревно дрво во тие неразвиени рурални региони на Република Македонија и на таков начин да се избегне задоволството на луѓето кои што наеднаш од една цена по $м^3$ огревно дрво некаде околу 900 денари по кубик сега ќе мораат да плаќаат многу повисока цена. Точно е тоа дека ќе плаќаат, имаат право да набават од местото каде што се наоѓа дрвото при испоставата, односно единицата на Јавното

претпријатие Македонски шуми, но чинам дека сепак овој член не е до крај искристализиран и не овозможува јасна и прецизна би рекол насока како тие селски домаќинства при укинување на селската сеча да дојдат до огревно дрво по поевтина цена.

Во членот 6 исто така би сакал да истакнам дека овој член, односно со измените и дополнувањата преку овој член на Законот за шуми, мислам дека секој производ од дрво треба да биде сертифициран, па тука би ги внел дури и пиланските производи како што се третираат во овој член: даските, гредите, паркетот и слично кои се наменети за понатамошна изработка на некои други елементи од индустријата за дрво. А ако се примени овој член, односно стане составен дел како измена и дополна на Законот за шуми, чинам дека нема да имаме евиденција што се случува со дрвото понатаму кога ќе излезе од примарниот преработувачки капацитет, пиланата. Оттука сметам дека и овој член несоодветно го третира би рекол патувањето на дрвото после примарно преработувачкиот капацитет, пиланата.

Во член 7 оваа измена на постојните одредби од членовите на постојниот Законот за шуми мислам дека е клучна за функцијата на шумската полиција. Намалувањето на средствата од 5% на 2% не треба да се прифати без разлика што ние имавме доста проблеми со вработените во шумската полиција, таа никогаш не заживеа така како што треба да заживее со полн број на вработени 300 вработени но тенденција на Република Македонија мора да биде како други алтернативни форми ако веќе не може заради ограничениот број на вработени во јавната администрација, тогаш да се обезбедат квалитетни буџетски средства кои што ќе овозможат финансирање на сите би рекол сервисни услуги на луѓето кои што се бават со контрола на шумскиот фонд. И ако се намалат средствата од 5% на 2% тогаш комплетно ќе се маргинализира контролата на шумскиот фонд. Единствено значи тука мораме да бидеме свесни дека мораме сите да бидеме единствени дека тоа претставува наша трајна обврска независно од политичката димензија и мораме да истраеме да се задржи овој процент 5% во буџетот за финансирање на шумската полиција затоа што буџетот ги финансира само платите на вработените, додека сите останати трошоци на луѓето кои што се бават со контролната функција во Македонски шуми се покриваат со овие 5%.

И на крајот јас имам забелешки на членот 9 тоа е исто така намалување на средствата кои што се издвојуваат за проста репродукција на шумите кои што се издвојуваат од субјектите кои што стопанисуваат со шумите и кои што се заменети

за враќање односно условно кажано враќање повратно тие средства преку инвестициони вложувања во шумите кои што не се рентабилни. Тоа се зафати од типот на заштита, од типот на прореди од типот на пошумување на обновени шуми после сеча и слично. Нелогично е од една страна да се намалуваат средствата за оваа намена, а од друга страна оваа стапка да се терети со нови барања и изградба на шумски патишта и други оптеретувања кои што не можат да овозможат и луѓето кои што се во правната единица во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и се бават со шумарскиот сектор и сите луѓе кои што се на теренот да можат овие функции да ги извршуваат. Овие средства треба да останат во претпријатието и истото е должно преку разни проекти да ги оправда тие средства за намените кои што се непрофитабилни кои што не се рентабилни, а значат заштита, значат пошумување и значат обезбедување на нови шумски патишта и нов начин похуман поцивилизиран начин на експлоатација со шумскиот фонд во Република Македонија. На таков начин ако го имаме во предвид сето ова за кое што говорев мислам дека сепак овие измени и дополнувања не можат до крај во пракса да ги надминат сите проблеми со кои што ќе се соочат луѓето и во управната постапка и луѓето на терен и сметам дека под итно треба да се пристапи кон изготвување на сеопфатен комплетен закон за шуми кој што сите овие проблеми ќе ги разреши согласно современата состојба во која што се наоѓа севкупниот ресурс на шумите и севкупниот административен ресурс во Република Македонија.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Ванчо Ѓоргиев.

ВАНЧО ЃОРЃИЕВ:

Сосема кратко сакам да реплицирам на господинот Марјан Ѓорчев, бидејќи тој како претседател на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство немаше толку забелешки по однос на овој закон, имаше само две или три забелешки, по другите искажа поддршка. Јас ќе се осврнам кратко на тие забелешки со кои не се согласувам. Имено, во членот 2 во постојниот закон во членот 22 каде што имаме интервенција на измената веќе постои во член 22 став 4 дека посебните планови за стопанисување со шумите и посебните планови за одгледување и заштита на шуми за посебна намена во натамошниот текст, посебни планови се донесуваат за секоја шумско стопанска единица во рок од една година од истекување на важноста на претходниот посебен план. Тој токму овде реагираше, а ова го има и во постојниот закон со што во измената е додадено дека, ако по истекот

на рокот од став 4 на овој член не се донесе посебен план, не може да се врши сеча на шумите. Со тоа шумските подрачни единици се стимулираат односно се задолжени во рок од таа година да ги изготват посебните планови за да можат да вршат сеча. Во постојниот закон е полошо регулирано ова решение, бидејќи немаме ограничување. И после истекот на таа година доколку не се донесат овие посебни планови нема санкција за таа единица. Понатаму во членот 3, измените во членот 3, односно измените во членот 4 каде што се додава дека за физички лица кои што вршат сеча на државни шуми, шуми за сопствени потреби, овој член, односно овие измени се укинуваат. Ова навистина не е популистичка мерка, односно мерка која што ќе наиде на прифаќање на луѓето, односно физичките лице кои што досега имаат вршено сеча на државни шуми. Меѓутоа, ако се земе во предвид дека многу поголем број, односно многу поголеми површини од оние кои што беа планирани се сечеа неколку пати поголеми површини неконтролирани и неможноста на 110 шумски полицајци да го регулираат тоа и да се каже во информацијата дека скоро и не постои држава која што дозволува физички лица да вршат сеча на државни шуми, оправдано е враќањето на оваа одредба како што беше и пред 1997 година.

И по членот 6, односно членот 7 кој што се однесува на шумски полицајци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Морам да бидам до крај доследен. Јас сега гласав против овој Предлог закон за измени и дополнувања на Законот за шумите и сите овие забелешки се во насока на изнаоѓање соодветен и конзистентен начин на разрешување на проблемите. И во стариот закон и овој закон за измени и дополнувања има пропусти во посебните планови и тие мора да се носат на време. А во делот на член 4, јас веќе кажав, ако веќе се укинува селската сеча, можело попрецизно да се изрегулира тоа на кој начин физичките лица и домаќинствата ќе набавуваат огревно дрво во недостапните региони, со правилник, со некоја уредба, или слично, а тоа може да биде и во делот на оној додатен дел не мора да биде законски регулиран.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави госпоѓа Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Со оглед на тоа што колегата Марјан Ѓорчев практично сите членови што се предлагаат во измените и дополнувањата на Законот за шуми ги негираше, а од

причина што колегата Драган веќе реплицираше. Јас ќе се задржам на неговото искажано мислење дека во член 4 треба да се врати состојбата од 2000 година, односно да остане постојното решение во законот кој што сметам дека нешто навистина е негативно и кое што досегашното искуство се покажало баш на штета на тоа безмерно искористување на шумскиот фонд од страна на физички лица и дека на тој начин ние социјалните случаи ние не можеме да ги решаваме односно тоа што беше искажано дека тие поодалечени луѓе кои што живеат подалеку од матичното шумско претпријатие дека не можат да се снабдат со огревно дрво и дека на тој начин ќе го решиме нивниот проблем, мислам дека е сосема погрешно и дека кај нас сите населени места се толку достапни што навистина не постои пречка во тој поглед.

Исто така, тој ги негираше и оние одредби во измените кои што значат финансиско растеретување на шумските претпријатија кои што навистина се позитивни од причина што овие средства што се издвојуваат и што се уплаќаат на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство немаат повратен ефект, односно од причина што шумската полиција не може целосно да се екипира да има доволен број, не може целосно да врши и заштита на шумите и со тоа што се намалува стапката, практично се остава простор интерно во претпријатието да се формира таква служба, така што ќе имаме една паралелна заштита на шумата и внатрешно од претпријатијата лица кои што ќе бидат задолжени за тоа како што имавме порано пред да се воведе шумската полиција, шумари кои што практично ја вршеа таа работа, така и од друга страна од постоечките вработени во шумската полиција.

Јас сметам дека тоа е сосема позитивна мерка. Исто така, и она што се предлага намалувањето на ставката на проста репродукција на шумите за 2% е сосема позитивно од причина што по два основа им се дава можност на шумските претпријатија тие средства да ги користат, бидејќи издвојувањето за та намена е финансиско оптоварување, оди директно на трошоци на претпријатието,а од друга страна пак се одлеваат и финансиски средства кои што повторно не се враќаат.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,

Господине Ѓорчев, една минута, повелете.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Предлагачот на законот, значи, бара да се врати состојбата од 1997 година, не барам јас, предлагачот на законот не враќа на таа состојба и се укинува селската сеча.

Второ, јас како пратеник во македонскиот парламент предложив амандман во кој што барав 60 милиони денари дополнителни средства во буџетот за сектор - шумарство, токму од причини што чинам дека тој сектор не е доволно, би рекол, поткрепен со финансиски средства да ја врши својата основна дејност и тука се процентите за кои што вие говоревте. Ако тие 60 милиона беа одобрени сите контролни функции и сето она што претставува  аспект на функционирањето на Министертвото ќе беа задоволени. Но, за жал тој амандман не беше усвоен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Коце Трајановски, а нека се подготви пратеникот Агим Џелили.

КОЦЕ ТАЈАНОВСКИ:

Благодрам, претседателе,

Јас би се приклучил кон коментарите во врска со овој предлог закон за измена и дополнување на законот за шумите. Иако гледам дека опозицијата во која што спаѓам јас упорно се обидуваме да докажеме дека состојбите во обласат на шумите во Република Македонија не се добри  и треба за тоа да се изнајдат начини,да тоа се подобри ,а не вакви какви што сега се предлагаат со овој закон.

Имено, со овој закон има некои куси измени кои што во некои делови и суштински задираат во регулирањето во областа на шумите. Јас би сакал да потенцирам дека во постојната состојба во областа на делувањето на шумите владее еден, може да се каже буквално хаос, значи и во буквална смисла на зборот секој сече шуми каде што ќе стигне и каде што може. Многу ретко или беззначајно има некаде мала контрола на сечењето на тие шуми, особено во кризните региони каде што воопшто нема никаква контрола, со оглед на тоа што институциите на системот таму поретко доаѓаат. Меѓутоа би потенцирал дека тоа е на целата територија на Република Македонија.

Една од клучните институции што треба тоа да го регулираат и да се врши заштита на бесправната сеча на шумите ,сигурно е Шумската полиција, меѓутоа, Шумската полиција ни од далеку не е ниту екипирана вака, кадровски, ниту е опремена со опрема возила или други средства кои што и требаат, ниту финансиски за да ја  може да ја изврши таа функција која што и беше доделена согласно на

измените од законот од пред неколку години, кога од шумарите се премина на Шумска полиција.

Конкретно би дискутирал и за Скопје каде што имам јас и лични случаи каде што јас на неколку пати сум интервенирал, особено за Скопска Црна Гора, на пример во областа на Бродец, од каде што јас и потекнувам. Меѓутоа, во Шумската полиција, со оглед на тоа што се многу малку на целата територија на Скопје велат, па добро, ти најди го тој што сече, кажи го каде е, ние ќе дојдеме и ќе провериме дали е тоа така. Значи, воопшто нема никакво превентивно спречување, туку напротив оној кој што е заинтересиран би требало самиот да го открие а шумската полиција тоа треба да го евидентира. Значи, не се ниту тие криви, меѓутоа ние со законските наши проекти би требале да овозможиме услови за да може да функционира таа полиција. А со членот 7 од измените и дополнувањата, со намалувањето на средствата од 5 на 2 сметам дека одиме на уште повеќе на намалувањето на тие услови на опремување и кадровски и со опремувањето и екипирањето на овие служби, што сметам дека на некој начин ние ,како намерно да сакаме контролата на бесправното сечење на шуми уште повеќе да ја продлабочиме, да речам, да ја намалиме таа контрола. Јас воопшто не се сложувам со оваа ставка од 5 на 2, туку напротив, таа може и би требало да се зголеми како би имале поефикасна контрола.

Друго што исто така би сакал да го коментирам во оваа обалст е тоа што проектирањето, што планскаста функција и стопанисувањето се обединуваат во еден субјект кај што има надреденост на една функција во однос на друга, и сигурно тука ќе преовладува. Значи стопапанисувањето ќе биде над функцијата планирањето на шумите, бидејќи согласно на членот 1 кој што е во измените и дополнувањата значи се менува членот 10 од постојниот закон каде што се вели заради стручно и планско остварување на општо корисните и производните функции на шумите, во состав на Министерството за земјоделие, шумартво и водостопанство, се основа завод за шуми. Значи овој текст се менува согласно на Предлогот на законот и вели: заради стручно и планско остварување на општо корисници и произовдните функции на шумите, работите на Завод за шуми ги превзема јавното претпријатие за стопанисување со шуми.

Значи, нашата забелешка е да и понатака остане ова претходното или постојното законско решение со кое што Завод за шумите ќе биде посреден правен субјект, иако тој не е доволно, мислам ниту екипиран, ниту заживеан, меѓутоа треба да се оди на таа функција,на тоа решение да овие две функции бидат раздвоени со

што сметаме дека ќе се добие поголем квалитет во управувањето, планирањето и стопанисувањето со шумите во Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам г-дине Трајановски.

Господине Ѓорѓиев имате реплика, повелете три минути.

ДРАГАН ЃЕОРЃИЕВ:

Благодарам пртседателе,

Господине Коце Трајановски, сметам дека не е коректно и тогаш кога имаме измени кои навистина го подобруваат законот за шуми, во сите измени се подобрува Законот за шуми а точно е дека состојбите во областа на шумите во Република Македонија не е добра.

Меѓутоа, јас само ќе се задржам на еден дел, во кој што ќе сакам да ви дообјаснам дека измената е крајно оправдана. Имено, сметам дека е сосема оправдано и се интервенира на членот 6 став 2, со ослободувањето на јавното претпријатие и првните лица што вршат одгледување и заштита на шуми за посебна намена на делот од обврската што произлегува за финансирање на потребите на шумската полиција.

Имено, порано овие финансирања на потребите на шумската полиција и обезбедувањето на материјалните потреби на истата беа вкалкулирани во законот за 300 шумски полицајци. Во текот на 2001 година, со административното смалување на државните службеници оваа бројка денеска изнесува 110 шумски полицајци, со што материјалните потреби се многу пониски, дури три пати помалку. Од друга страна, шумската полиција со овој број реално не може да ја чува државната и приватната сопственост и со тоа неминовно се наметна потребното формирање на служба за обезбедување на имоти и лица во состав на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми, Македонски шуми - Скопје. Оваа служба ќе врши заштита и обезбедување на шумите, односно тоа е реонско чување. Тоа не е исто како чувањето на шумските патишта од страна на шумските полицајци. Исто така, и од моја страна во разговор со поголем број на шумски полицајци, нивни одговорни лица, е укажано на тоа дека намалувањето е добро и оди во насока на нивна помош од страна на шумските инспектори или полицајци или шумари како што се викаат што ќе помогнат во однос на реонското чување. Оваа служба ќе врши

заштита и обезбедување на шумите а со тоа за опремувањето на оваа служба потребни се средства од страна на јавното претпријатие.

Од тие причини, процентот кој треба да го уплаќаат во Министерството за земјоделство шумарство, водостопанство, треба и потребно е да се намали од 5 на 2%. Калкулацијата која што ни ја кажаа на седницата на Комисијата за земјоделство, претставникот на  министерството е дека тие правеле калкулација за 150 шумски полицајци и процентот бил 1,8%. Значи 2% одговораат на некаде 170 - 180 шумски полицајци а моментално  бројката е 110.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, повелете г-дине Трајановски, една минута.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодрам, претседателе,

Значи јас навистина не ми е јасно, значи сепак има двојство на функциите, значи од една  страна имавме шумска полиција која што беше задолжена за ова, или шумските полицајци да речам беа ослободени од таа функција, шумарите да ги чуваат шумите, туку се премина во надлежност на шумската полиција и тие навистина беа малку, сега со новото дури и се намалиле во 2001 година, нормално, но со новата власт се нови стратегии, нови планови. И, сега се враќа она старото, значи ќе остане дел од тоа новото значи шумската полиција, меѓутоа пак старото ќе го интегрираме  во некоја служба за имоти и лица.

Значи навистина сега ќе се судрат две функции па сега ни од тие две изгледа никој ќе не може, ќе несака или ќе нема ингеренции да ги чува шумите. За што секогаш одговорноста ќе се префрлува на едниот или на другиот субјект. Мислам дека тоа треба . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, повелете господине Џелили имате збор.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Благодрам, господине претседател,

Донесувањето на законот односно Предлог измената на законот за шумите е закон кој што е сериозен и кој што треба да се поздрави, и е предуслов за одлгедување, стопанисување и заштита на ова  природно богатство, кое што во последно време свесно или несвесно, секогаш се повеќе се злоупотребува така што доколу продолжиме со оваа тесно секако ќе се соочиме со природна ерозија или

еколошка катастрофа. Иако Македонија е позната како држава со значително богатство на шумите.

Јас имајќи значи обзир за предлагачот и за значењето и тежината на овој закон ќе кжам некои дилеми кои што сум ги искажал и на Комисијата за земјоделство и директно ќе застанам на членот 33 каде се предвидува шумите во приватна сопственост се предивува да се направи означување на дрвјата кои што се предвидени за сечење. И дотолку повеќе каде средствата односно ова одбележување ќе го прават јавни претпријатија додека средствата ќе ги обезбеди сопственикот на шумите во приватна сопственост. Сега се поставува прашањето која ќе биде таа вредност, која ќе биде таа цена и дали ќе се оправдаше интервенирањето на овој начин од причина што со тоа цена може да биде значителна или неприфатлива за самиот сопственик кој што треба да обезбеди дрвја за елементарни основни потреби за неговото семејство.

Исто така имам уште една дилема или забелешка околу членот 56 каде исто така се предвидува да се направи транспорт и опремување на средствата и документите во однос на транспорт на исечените дрвја. Токму овој документ секако го обезбедува значи јавното претпријатие и целата оваа документација се подразбира само во себе значи тие опфаќаат и финансиски средства кои што исто така треба да ги обезбеди сопственикот. И уште еднаш ќе барам од претставникот на Министерството за земјоделство да ги објаснат овие дилеми околу овие два члена. Инаку, општо земено јас го подржувам овој предлог за измена и дополнување на овој закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам,

За збор се јави заменик министер.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Благодарам,

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Искрено не мислев да се јавам за збор но изгледа по тоа што е кажано од страна на пратениците проблематиката на шумите е голема но во секој случај, ќе се потрудам да бидам што пократок.

Прво што би сакал да се надоврзувам со членот 4 со изменувањата и дополнувањата на членот 37 став 1 и 2, каде што од овој аспект гледано се врши по нас легализација на бесправната сеча, и мислиме дека тука е најголемиот проблем

затоа што се дава на физички лица за можност на сеча во државната шума.
Само ќе кажам за илустрација дека имаме огромна сеча со што верувам се согласуваат сите пратеници од каде што доаѓаат, па можеме да кажеме и во секоја наша подрачна единица. Но, би сакал да кажам  дека за регенерација на шумите се потребни 50 до 100 години, така да без друго ние моравме да интервенираме со вакви членови за да се спречи тоа што може да се спречи.

Инаку што се однесува до другите констатации, до констатацијата на пратеникот Џелили, ве уверувам дека што се однесува до физичките лица и до сечата во приватната сопственост мора во рамките на државата да има контрола било тоа да е од приватна сеча или да  е државна сопственост. Исто така ве уверувам дека истите, сопствениците на таа шума нема да бидат оштетени, тие трошоци се плаќаа досега  и одсега ќе се плаќаат минимални, затоа што мора да се маркира, треба точно да се знае во државата, колку има сеча, колку е тоа дозволено, со тоа дека исто толку треба да се пошумуваат шумите. Со тоа би завршил со очекување дека ќе биде прифатен и предлогот на закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам,

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бра збор, го заклучувам претресот, ги млам пратениците да влезат во салата, треба да гласаме.

Ги замоловам претениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот ве молам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници, на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 56 за, нема воздржани, 6 против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, 51 гласале за, нема против, 4 воздржани.

Во салата се присутни 64 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Цветанка Иванова поднесе амандмани на член 2 за додавање нов став 3 по ставот 2; член 6 став 1 и за додавање нов став 3 по ставот 2; член 10 став 1; член 11 став 7 и за менување на став 8 и на член 18 став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Србиновски поднесе амандман за додавање нов член 3-а по членот 3, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер господинот Бесир Јашари.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3-а по членот 3, поднесен од пратеникот Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер господинот Бесир Јашари.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Мислам дека требаше да се прифати овој амандман затоа што во член 34 по зборовите “ознака за стебличина сеча можат да вршат само стручни лица со високо образование од шумарска насока со најмалку две години работно искуство од областа на шумарството”. Сега, тука се додаваат зборовите “лица кои завршиле Шумарски факултет друга насока со најмалку 4 години работно искуство во шумарството”, а по зборовите “површинска чиста сеча стручни лица со високо

образование од шумарска насока со најмалку една година искуство во шумарството" се додаваат зборовите "и лица кои завршиле Шумарски факутлет на друга насока со најмалку две години работно искуство во шумарството". Ќе бидат обесправени овие луѓе кои завршиле друга насока, а имаат искуство најмалу 4 години или со две години работно искуство.

Затоа мислам дека требаше да се прифати овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Никола Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Сакам накратко да продискутирам за амандманот на почитуваниот колега Србиновски.

Јас ценам неговата заложба, бидејќи предлогот на овој амандман произлегува и е инициран од реалната состојба како што наведува во образложението во шумско стопанските единици на Република Македонија е предложен по иницијатива на поголем број на дипломирани инженери од Шумарскиот факултет во Скопје. Тоа е точно и му верувам дека е така. Но, сакам само да му укажам на предлагачот на амандманот дека разликата меѓу шумарската насока и другите насоки на Шумарскиот факултет е огромна односно другите насоки не го изучуваат уредувањето и искористувањето на шумите, тоа се изучува само на шумарската насока. Или на господинот Србиновски да му биде поприфатливо тоа е како да отидете на лекар, но таму да ве лечи наместо доктор по медицина доктор по ветерина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, 4 гласале за, 1 воздржан, 54 против.

Службите да го утврдат бројот на присутни пратеници, бидејќи некои пратеници излегоа.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 и за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер господинот Бесир Јашари.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10, став 1, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер господинот Бесир Јашари.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11, став 7 и за менување на став 8, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер господинот Бесир Јашари.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 18, став 2, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер господинот Бесир Јашари.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрс по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 55 гласале за, нема воздржан, 3 против.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

Се враќаме на точката 19, тука е претставникот на Владата.

**Минуваме на точката 19 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската социјална повелба и Протоколот со кој што се врши измена и дополнување на Европската социјална повелба, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештајот на ЗПК ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

За збор се јави госпоѓа Елеонора Петрова Митевска.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА МИТЕВСКА:

Благодарам господине претседател.

Би сакала да кажам неколку збора за Европската социјална повелба и Протоколот особено заради фактот што многу ретко дискутираме по повод ратификации на повелби и по повод ратификации на протиколот, иако претставуваат многу важен сегмент од нашата законодавна работа во Парламентот, пред се заради фактот што на тој начин се приближуваме повее кон европските земји, бидејќи прифаќаме заеднички документи со кои стануваме уште повеќе европска земја колку што можеме повеќе да бидеме. Би сакала да се задржам тука на Европската социјална повелба со Протоколот, бидејќи сметам дека е особено важна за Република Македонија, бидејќи со неа се одредуваат еднаквите услови за работа, права на заштита на работата, потоа можноста за синдикално организирање, право на колективни договори. Особено се става акцент на заштитата и грижата околу децата и младинците, околу жените работнички, се разбира социјалното осигурување, здравствената и социјална помош и можеби како последно 19, меѓутоа не најмалку значајно за работниците мигранти кои што се државјани на една од страните договорни и нивните семејства  да имаат право на заштита и помош на територијата на секоја друга договорна страна.

Особено значајно е, сакам да се задржам на правата на децата и младинците на заштита, бидејќи очекувам дека со ратификацијата на оваасоцијална повелба ќе се почитуваат правата на децата и правата на работничките, бидејќи се повеќе сме сведоци дека во Република Македонија  особено приватните сопственици ги

заборавааt основните човекови права, особено правата на жените и на децата и во едни нехумани односи се однесуваат кон работниците во процесот на производството. Сметам дека со оваа Повелба токму ќе се поведе сметка и за децата и за жените работнички бидејќи со нив се одредуваат одредени критериуми кои што се надевам дека ќе се испочитуваат. Особено би сакала тука да го истакнам правото на жените работнички кои што се истакнати во оваа Повелба, кои што особено во текстилните индустрии ширум Република Македонија не се почитуваат од приватните газди, каде што условите на раборта се најнехумани или помалку и од најдолното скалило на хуманоста, за што сметам дека Собранието и Клубот на парламентарки ќе организира едно сослушување или хиеринг за да го согледа подобро овој проблем.

Се надевам дека со донесувањето на оваа Повелба, која што е иако стара 40 и повеќе години, Република Македонија сега ја донесува, односно ја ратификува, очекувам дека ќе се подобрат условите и дека навистина ќе станеме земја каде што со почитувањето на социјалните прилики, ќе станеме навистина социјална земја која што може да се рангира во редот на европските земји.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за ратификација на Европската социјална повелба и Протоколот со кој што се врши измена и дополнување на Европската социјална повелба.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 62 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 60 гласале за, нема воздржан, 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот, Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 62 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација.

Повелете господине Макрадули процедурално.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, вие денес на денешната седница ни доставивте еден допис од Здружението на децата од детските домови на Република Македонија "Иднина" - Скопје, каде што тие не замолуваат една дневница да дадеме како донации и помош во нивната работа, јас во име на пратеничката група ве известувам дека ние денешната дневница ќе ја оставиме или ќе ја донираме за Здружението на деца на детските домови "Иднина" - Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, тоа е за поздравување и јас се вклучувам нормално во пратеничката група.

**Минуваме на точката 23 - Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2003 година.**

Годишниот извештај, Мислењето на Владата и Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет ви се доставени.

Отворам претрес.

Збор има господинот Тошевски.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Почитувани пратеници, дами и господа,

Доставувањето на ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Тошевски, малку причекајте да излезат колегиве и да биде потивко.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Доставувањето на Извештајот и неговото разгледување во Собранието на Република Македонија се совпаѓа со времето кога Републиката е исправена пред задачата да ги подготви одговорите на Прашалникот на Европската комисија по повод аплицирањето на Република Македонија за рамноправно членство во Европската Унија. Иако Прашалникот не беше пред нас кога го подготвувавме и го доставувавме Извештајот, тргнувајќи од значењето на процесот на европската

интеграција во кој државната ревизија има значајно место се обидовме да дадеме одговор колку од државната ревизија во Републиката ги применува стандардите на Европската Унија во делот на државна ревизија и колку во работата на Државниот завод за ревизија се следат основните принципи на Декларацијата од Лима за независност, самостојнот и објективност во вршење на државната ревизија

Можеме да констатираме дека значењето на улогата, задачите и целите на државната ревизија добиваат во тежина и дека во 2003 година се остварени на повисоко ниво. Меѓутоа, пред Државниот завод за ревизија и натаму стојат обемни и сложени задачи за остварување на стратешките цели утврдени  со Планот за операционализација на Законот за државна ревизија и Планот за стратегија на развојот на државната ревизија во периодот 2004-2009 година.

Почитувањето и примената на меѓународните сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за ревизија на интосаи е основа во работата на Државниот завод за ревизија. Во актуелниот миг кога истовремено расправаме за работата на Државниот завод  до 2003 година и ги подготвуваме одговорите на Прашалникот, очекуваме насоките и заклучоците на Собранието по овој Годишен извештај да претставуваат натамошен мотив за јакнење на професионалниот однос кон задачите во контекст на задоволување на интересот на граѓаните за ефикасно користење на јавните средства во државата.

Еден од поважните услови што Европската Унија ги бара од нас, покрај зајакнувањето на економската база и подигање на бруто националниот дохот, а со тоа и подобрување на животниот стандард е борбата против корупцијата и организираниот криминал и изградување на независен правен систем.

Државниот завод за ревизија како дел од системот на институции на Република Македонија  и во овој домен има суштествени и неодминливи задачи.

Од бројот на извршените државни ревизии произлегува оценката за степенот на примена на законитоста во финансиската сфера, почитувањето на утврдената намена за употреба на јавните средства, како и проценката на можниот степен на ризик за девијантно однесување во процесот на користење на јавните средства. Од тој аспект во 2003 година се извршени 154 државни ревизии и се издадени 154 конечни ревизорски извешати од овластените државни ревизори, при што на државна ревизија беа подвргнати 81 субјект. Збирната оценка на наодите од изврешената државна ревизија на овој степен на опфатеност на субјектите во однос на вкупниот број на субјекти, извлечено врз основа на следните оценки на издадените извештаи претставува:

Оценка за реално и објективно прикажување на извештаите за финансиската состојба е утврдена во 17 ревизорски извештаи, или 11% од вкупниот број. Изразена е резерва кон реалноста и објективноста на состојбите прикажани во финансиските извештаи во 34 ревизорски извештаи, или 22%. Државниот ревизор се воздржа од давање на мислење за финансиските извештаи во 13 ревизорски извештаи, или 8,50% и дадена е оценка за нереално и необјективно искажани финансиски извештаи во 89 ревизоски извештаи или 58%.

Од вкупно доставените 154 претходни извештаи, овластениот државен ревизор доби 31 забелешка од субјектите, што се предмет на ревизијата што претставува 20% од вкупниот број. Кај 6 субјекти забелешките се целосно прифатени, кај 18 субјекти се делумно прифатени, а кај 7 субјекти се целосно одбиени како неосновани.

Исто така, во второстепената постапка на 154 конечни ревизорски извештаи, до главниот државен ревизор се поднесени 8 приговори, или 5,1% од вкупниот број на доставените извештаи. Кај еден субјект приговорот е целосно прифатен, кај 3 субјекти се делумно прифатени, а кај 4 субјекти приговорите се целосно одбиени како неосновани.

Законот за државна ревизија го обврзува органот, надлежен за надзор на работата на субјектот, кај кој е извршена државната ревизија, да преземе мерки и да го извести Државниот завод за ревизија за реализацијата на преземените мерки во врска со наодите и препораките на овластениот државен ревизор изнесени во ревизорските извештаи во законски утврдениот рок. Државниот завод за ревизија за издадените извешаи има добиено известување од 14 субјекти кои се однесуваат на 27 извештаи. Тоа значи дека за повеќе од 82% од извештаите за извршените ревизии и субјектите кои се должни да преземат мерки за отстранување на основните наоди и препораките нема повратни информации. Бројките, фактите и показателите за извршените ревизии на годишните финансиски извештаи во 2003 година, ја потврдуваат неопходноста од државната ревизија. Тие го изостууваат интерсот кај субјектите се почесто да ја извршуваат својата обврска утврдена со Законот за преземањето на мерки, но тоа на овој степен сеуште е далеку од потребното.

Реализацијата на повратните ревизии кај субјектите, кај кои се констатирани отстапувања на законитости, грешки и слично обезбедуваат предуслови за нивно континуирано надминување и отстранување. Со тоа се обезбедува и повисок степен

на законско и наменско користење на јавните средства што во практиката во 2003 година е покажано.

Државниот завод за ревизија,согласно законските прописи има обврска да соработува со органите надлежни за покренување постапки на одговорност за непочиување на обврските што произлегуваат од Законот во однос на користењето на јавните средства, во случај кога овластениот државен ревизор ќе процени дека ревизорските наоди укажуваат на индиции и сомневања за сторена незаконитост, должен е со доставување на конечниот ревизорски извештај да го информира надлежниот државен орган за покренување на постапки.

Како институција, Заводот ги известува тие органи, но засега изостанува повратното информирање за преземените мерки од страна на Јавниот обвинител, Министерството за внатрешни работи и Владата. Во случај кога државната ревизија има индиции за коруптивно поднесување, конечниот ревизорски извештај се доставува и до Државната комисија за спречување на корупцијата. Случаи во кои се идентификувани такви индиции се констатирани и доставени до Комисијата, од кои за некои е поведена постапка.

Почитувани пратеници,

Во својата секојдневна работа во 2003 година, Државниот завод за ревизија регистрираше низа законски неусогласености во прописите.

Констатирани се следните случаи на колизија и на законска неусогласеност меѓу Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата, Законот за буџетите, Законот за организација и работа на органите за државната управа, од аспект на правниот статус на Фондот за животна средина и од аспект на начинот на неговото финансирање и функционирање, кое не е сообразено со овие прописи, Законот за облигациони односи и Законот за буџетите ,од аспект на правата на користење на договорите за цесија, компензација и асигнација, како инструменти на плаќање кои исто така не се уште усогласени со овие прописи.

Не постои усогласување со Законот за јавните патишта и буџетот, на Фондот за магистрални и регионални патишта во делот на утврдување на висината на средствата на Фондот што е должен да ги трансферира до единиците на локалната самоуправа.

Постои недефинирано решение во Законот за измени и дополнувања на Законот за пензиско-инвалидско осигурување, во кој е регулирано дека Фондот може да остварува и средства од продажба на удели, акции и други хартии од вредност, најмалку во висина од 40% од вкупниот капитал стекнат врз основа на

трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Потребно е да се дополни законсото решение со јасен став што значи процентот од 40% и на која структура на продажба на акции и удели се однесува, бидејќи во политиката на Фондот има различно третирање на акциие и уделите, што се разбира цоразлична пазарна вредност на тие удели.

При извршувањето на ревизиите, Државниот завод за ревизија исто така констатира дека има појава и на системски и организациони слабости во законските решенија. Одделни субјекти работата со сместки класифицирани како буџетски корисници, иако според изворите од кои се финансираат и активноста што ја вршат припаѓаат во групата на републички фондови или други субјекти, односно се јавува двоен систем на евидентирање, кој, се разбира, ја дерогира правата состојба на средствата и на изворите. Не функционира системот на изворните контроли, односно во мал број субјекти е организирана внатрешната ревизија како независна објективна активност кај поголемиот број од субјекти кои би морале да ја организираат.

Постои неусогласеност во статусот на наставниот кадар на факултетите, со решенијата на Законот за високо образование и Законот за работни односи по однос на двоен статус на работниот однос; по договор на дело и од редовен работен однос.

Кај програмите донесени од страна на Владата или другите меѓународни фондови и организации, не постои однапред утврдена намена, како и однапред утврдени критериуми за нивното користење, а самото користење се извршува врз субјективните оценки на надлежните, задолжени во тие институции. Не е воспоставен систем на интерна сметководствена и организациска контрола, која обезбедува разграничување на должностите и одговорностите во извршувањето на задачите и располагање со средствата, како и не е обезбеден правилен проток на документацијата,ажурност во евидентирањето на деловните настани, и правилно искажување на обврските и побарувањата и слично.

Констатирани се и многу други неуредности во водењето на сметководствената евиденција што се дадени во Извештајот, и кој во оваа прилика не би сакал да ги повторувам.

За да се остварат задачите што ги им Државниот завод за ревизија и да се интензивира процесот на целосна имплементација на европските стандарди во неговата работа, неопходно е да се поседуваат кадровски и финансиски предуслови. Процесот на основното кадровско екипирање на Државниот завод за ревизија

сеуште не е изведен до утврдените потреби. Од вкупно предвидените извршители, според постојниот акт на систематизацијата, во моментот се вработени 68 извршители, или околу 60%. Во тој контекс, актуелни се измените и дополнувањата на актите за организација и систематизација заради утврдување на можности за извршување на работите и работните задачи за функциите кои што се утврдени со дополнувањата и измените на Законот направени во април 2004 година. Од тие причини заради вкупните околности во кои се развива реформата на државните органи и другите институции, мора да се создадат потребните услови и за кадровскиот развој на Државниот завод за ревизија, односно да се обезбеди потребен број на државни ревизори.

Неприфатливо е Државниот завод за ревизија да биде во процес на основање десет години. Или е потребна институција и треба да се екипира за нормално функционирање и остварување на очекуваните ефекти, или таа, по обемот, по ефектите и целите ќе остане на маргините и ќе се шири натамошното незаконито користење на јавните средства.

До поднесувањето на овој Петти годишен извештај за извршените ревизии за работа на Држвниот завод за ревизија во 2003 година, Собранието на Република Македонија ги разгледуваше Годишниот извештај за 2001 и 2002 година. По расправата и за двата извештаи, Собранието на Република Македонија има донесено заклучоци за понатамошна поддршка на развојот на Државниот завод за ревизија. Реализацијата на заклучоците на Собранието во поддршката од внатрешните органи се одвиваше и се одвива бавно и променливо. Со тоа се испушта многу време на ефективно вршење на повеќе и посложени ревизии. Затоа и во оваа пригода истакнувам дека постои потреба за подобра и поинтензивна комуникација меѓу народните државни органи за прашањето на државната ревизија. Таа комуникација треба да ги опфаќа следните прашања.Натамошните измени и дополнувања на Законот за државна ревизија, како и регулирање на статусот на државната ревизија со Уставот на Република Македонија, за што е иницирано предлагање на соодветен амандман до Министерството за финансии и Министерството за правда. Континуирана и интензивна координација и синхронизирана активност на планот за преземање и спроведување на мерките за усогласување на легислативата и надминување на состојбите на неусогласеност на подзаконските акти, односно усогласување на решенијата кои различно се толкуваат поради нивната нејасност или недвосмисленост. Да се обезбеди навремено донесување на предвидените подзаконски акти со разни прописи, со кои би се

обезбедило поефикасно надминување на системските слабости и контрадикторности, особено во нивното различно толкување во примената.

Преземање на конкретни и ефикасни мерки во случај кога овластениот државен ревизор во ревизорскиот извештај предлага мерки и дава препораки за зголемување на одговорноста и ефикасноста на надлежните органи.

Создавање услови за унапредување на соработката на Државниот завод за ревизија со централната единица за внатрешна ревизија при Министерството за финансии. Остварување на ваквата синхронизирана комуникација меѓу државните органи и Државниот завод за ревизија за прашања на натамошниот развој на државната ревизија ќе придонесе за натамошно зголемување на нивото на одговорноста, ефикасноста и независноста во извршувањето на функциите и за зголемување на ефектот од активноста на Државниот завод за ревизија.

На крајот, изразувам благодарност на органите и телата на Собранието на Република Македонија, на раководствата и задолжените лица во субјектите каде вршиме ревизија на јавните гласила кои ја следат нашата активност и на своите соработници за вниманието и напорот што го вложуваат во извршување на задачите за афирмација на функцијата и улогата на државната ревизија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Ангел Димитров, вие сте пријавени за збор.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Благодарам.

Почитуван претседателе, почитуван господине Тошевски, почитувани колеги пратеници,

Навистина, да бидам искрен, немав намера денеска да дискутирам и мислам дека и другите колеги кои досега дискутирале на .оваа тема се чувствуваат малку заморени, бидејќи излегува дека ваквите дискусии одговараат на српската поговорка “тресла се гора, родио се миш” затоа што ние овде зборуваме, критикуваме а ефектите од сето тоа се многу мали.

Непосреден повод за ова мое јавување беше претходната дискусија на госпоѓата Марија Којзеклиска, кога дискутираше за можната корупција кај девизната инспекција, па рече дека особено корупцијата во Македонија е многу зајакната во периодот од 2002 до 2004 година, па затоа сакам и неа и другите да ги потсетам дека денеска на дневен ред е Извештајот на Државниот завод за ревизија за работењето на Државниот завод во 2003 година. Значи, се контролирани

финансиските извештаи за 2002 година. Во 2002 година, мислам дека сеуште се сеќаваат, тоа е времето кога сеуште на власт беше коалцијата ВМРО-ДПМНЕ и ДПА. Тоа, само како потестување, а не дека сакам да прејудицирам, дека во следните извештаи на овој Завод нема да има неправилности и дека се ќе биде чисто. Се разбира, кога ќе дојдат на дневен ред таквите извештаи идната година, ќе расправаме и за нив и ќе имаме што да кажеме.

Сега, само накратко, околу некои мои констатации за Извештајот.

И покрај тоа што опфатот на институциите што се подлежни на ваквата контрола е сеуште многу мал, мислам дека може да констатираме неколку работи.

Прво, кога се гледаат наодите за реалноста на некои позиции во билансната состојба на разните буџетски корисници и одредени државни органи, навистина може да се заклучи дека има одредено подобрување, т.е. намалување на одредените неправилности. Можеби тоа е резултат на веќе пртетходните наоди и претходните извештаи. Т.е. некои колеги минатата година сакаа да кажат дека недостасуваше едукативната улога што во овој момент ја игра Државниот завод за ревизија. Значи, недоволна обученост, или недоволно знаење на книговодителите.

Но, веднаш потоа, ако ги гледаме наодите на неосновано и незаконско трошење на тие буџетски средства, може да констатираме дека и понатаму овие неправилности се многу големи. Не само по број на застапеност, туку и по висината на утврдените износи што сигурно е многу негативна појава.

И натаму, јавните набавки се вршени без почитување на законската процедура, согласно Законот за јавни набавки, па така, само еден податок:

Од 81 субјект, на кои е вршена ревизија, дури кај 77 субјекти се утврдени вакви неправилности. А, вредноста на средствата или износите на средствата што се утврдени како неправилност се 46 милиони евра.

Сега можете да замислите ова е кај 12,3% од субјектите кои подлежат на ревизија. Замислиете си ако кај сите 248 субјекти се изврши ваква ревизија, колкави ќе беа износите на ваквите неправилности.

Четврто, не наменско и не законско користење на средства е констатирано кај 66 субјекти. Значи, само од 81 субјекти кај 66 субјекти се утврдени вакви неправилности, а вредноста на утврдените неправилности е над 36 милиони евра. Ако направиме една обична математика, а мислам дека веројатноста е многу точна, значи ако се извршила ревизија кај 100% од таквите субјекти, вредноста на таквите неправилности би била над 290 милиони евра. Се разбира дека ова е само веројатност. Но, незначи дека Државниот завод за ревизија ги бирал посебно оние

институции кај кои може да се утврди неправилност. Значи веројатноста и кај овие останатите институции е многу голема.

На крајот, согласно постоечките законски прописи надлежни органи за надзор врз работењето на субјектите кај кои се откриени ваквите девијации во работењето, се Владата, Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи. Тие се должни да преземат мерки за отстранување на девијациите утврдени со наодите во ревизорските извештаи и во рок од 90 дена за тоа да го известат Државниот завод за ревизија. Но, за жал сеуште како и во минатите извештаи дури кај 82% од случаите Државниот завод за ревизија има констатирано дека нема повратни информации. До Јавниот обвинител на Македонија дадени се 78 извештаи, а само во еден случај Јавниот обвинител нашол за сходно за оправдано да даде овратен извештај, што мислам дека е катастрофа. Затоа ќе заклучам со тоа, навистина држи заклучокот што го предложивме на Комисијата за финансирање и буџет дека Владата треба да превземе мерки за одговорност за лицата и институциите кои вршеле незаконска употреба на јавните средства. И да изготви извештај во кој ќе наведе кои мерки се преземени и до каде се стигнати започнатите постапки за одговорност на наведените лица.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Очигледно колегата имаше намера да се каже за сето она што се зборуваше дека од 2002 година како што кажа и самиот на почетокот биле на власт ВМРО-ДПМНЕ и ДПА и од тие причини после целокупната дискусија што ја кажуваше сакаше да остави впечаток дека се однесува на работењето од времето на владеењето на овие две партии. Јас ќе го потсетам дека извештаите, финансиските завршни сметки се однесуваат за цела 2002 година што значи дека до 15 септември имаше една власт, после 15 септември имаше друга власт, а истовремено во овој ревизорски извештај извршени се укажувања за неправилностите и на локалната самоуправа, на фондовите за локални патишта и т.н. Еве, за да нема дилеми околу таа работа, јас би сакал само да прочитам за девијалноста пред се каде се се утврдени неправилности без селективен пристап. Значи овде не зборуваме за политички партии кој бил и кога бил на власт, туку зборуваме за законито, или незаконито работење на субјекти кои што биле контролирани. Сметам дека не е коректно да се пренасочува темата која што ја имаме, а тоа е незаконитото работење на државните органи со политичките партии кои што биле на една, или на

друга позиција, па незнам ни кои субјекти од која политичка партија на која позиција биле во тој период, а на која позиција се сега. Значи, да не навлегуваме во тие работи, се работи за субјекти и одговорни лица на тие субјекти. Значи, зборуваме за повеќе министерства, зборуваме за Управата за цивилна заштита, Служба за општи и заеднички работи на Владата, орган на општина Куманово, орган на општина Прилеп, Фонд за уредување на градби и комунална инфраструктура Куманово, Фонд за локални патишта Прилеп, Фонд за комунално уредување Прилеп, Фонд за комунален развој и патишта на општина Охрид, Фонд за уредување и употреба на градежно земјиште на општина Кичево, Фонд за локални патишта на општина Кичево, Казнено поправен дом Идризово, Агенција за државни службеници, буџетска сметка, Стоматолошки клинички центар, неколку државни училишта, потоа Државниот студентски центар Скопје, и средствата од самофинансирачки активности, Правниот факултет, први приходи остварени од самофинансирачки активности. Значи, ова се како примери каде што е утврдено неприменување на начелата на буџетското сметководство кое што не мота да значи некаква злоупотреба на тие средства, туку неприменување на оние начела кои што е неопходно да биле применувани при нивното работење.Значи, да не ги политизираме работите, затоа што ќе навлеземе во многу подлабока расправа.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Очигледно на колегата некако многу му се дига адреналинот кога ќе се спомне 2001 и 2002 година и тогашното владеење. Нема потреба, ако тој внимателно ме следеше, јас реков, не сакам да прејудицирам дека во следните извештаи кога ќе го гледаме работењето од 2003, 2004 година дека ќе нема вакви неправилности и незаконитости и дека се ќе биде глатко и чисто. Тоа е факт. Но, факт е дека во 2002 година Владата ја формиравме некаде на крајот на октомври и факт е дека најголемиот број од ваквите случаи барем кај буџетските корисници се утврдени за периодот кога беше на власт ВМРО-ДПМНЕ и ДПА. А што се однесува до локалните и тогаш и сега ќе бидат мешани. Јас никогаш не сакам да ги делам работите црно-бело, наши и ваши, исправни и неисправни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави г-динот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господинот Димитров рече дека после расправите кои што ги имавме на оваа тема во претходните две години, оваа е трета расправа и човек можеби губи волја да расправа на оваа тема. Но, јас сепак сакам да го изнесам своето мислење, дел од

тоа искажав и на Комисијата за финансирање и буџет. Сакам малку повеќе принципиелно да се осврнеме на ова прашање без оглед на тоа што и во репликите кои што ги имаа господата пред мене зборуваа кој бил на власт во 2002 година, како бил. На сите тоа им е јасно и воглавно субјектите кои што беа на државно ниво извршена е ревизија, до Нова Година нема измена на раководните кадри. Но најмалку е тоа битно што сега сакам да го продоскутирам, туку сакам да го продискутирам принципиелно прашањето од еден друг аспект во врска со овие извештаи кои што ги разгледуваме на Собранието.

Прво, факт е времето во кое што го разгледуваме овој Извештај, сега сме декември крај на 2004 година расправаме за неправилности кои што одредени субјекти ги направиле во 2002 година, веќе цели две години од тогаш поминале и се навраќаме на работи кои што можеби се и подзаборавени. И затоа во иднина можеби треба да донесеме еден заклучок, тоа го расправавме на Комисијата за финансирање и буџет, дали извештаите да ги гледаме најдоцна во март за претходната година, односно Државниот завод за ревизија до средината на март да ни ги достави извештаите за да имаме основа да ги разгледуваме. Тоа е првото прашање што сакам да го поставам.

Втората работа е, од самите извештаи имаме констатирано неправилности. Тие кога ќе ги погледате, човек се прашува дали се тие извештаи точни, што јас воопшто не се сомневам дека извештаите на Државниот завод за ревизија се точни. Но, имајки во предвид што после тоа следува од надлежните институции, си го поставувам прашањето мора некој да не е во право, или Државниот завод за ревизија и методологијата која што ја применува, велам по она што досега е гледано, верувам дека тие се во право, или пак оние органи кои што после тоа треба да преземат свои одредени активности. Имено, констатациите се ненаменско и незаконско користење на средства. Автоматски покажува дека има кршење на закон. Непочитување на постапка за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки покажува дека субјектите кои што овде се во најголем дел е извршена ревизија не го почитувале Законот за јавни набавки. Имаме неевидентирани обврски и неевидентирани побарувања што покажува дека некој ги прикрива обврските, или пак побарувањата и на некого му овозможува, да не prejудицирам, да заработи на одреден начин. Имаме една фрапантна ситуација, вели, во Министерството за финансии во 2002 година неосновано имаме прибирање на средства без законска основа на 293 милиони денари, или во истото Министерство за финансии во 2002 година не евидентирани вложувања кај други субјекти 366 милиони 359 илјади

денари. И сега јас го поставувам прашањето господа, сигурно економистите тоа најдобро го знаат. Каде се тие вложувања од 366 милиони денари кои што ги имало Министерството за финансии во 2002 година, а не ги евидентирале во Министерството, или во најголем дел задолжување без согласност на основачот. Некој се задолжувал без да го праша оној кој што ја основал дадената институција. Овие се неколку работи кои што покажуваат дека во извештаите е констатирано кршење на закон. И сега имаме ситуација да се прашаме што сега после овие констатации кои што се дадени, која е судбината на овие извештаи? Јас го реков тоа на Комисијата за финансирање и буџет. Ова ќе испадне, ние ја забавуваме јавноста. Ништо друго во овие 2, 3 години кога расправаме за овие извештаи. И затоа првото прашање се поставува, што понатаму со извештаите кои што се од Државниот завод за ревизија? Најчесто во јавноста ќе се вика, бидејки јавни се само седниците на Парламентот и најлесно е да се вика по пратениците и ќе кажат: да, вие тоа го знаете и седите мирни. Сега го поставувам прашањето, не да се правдаме, туку која е тогаш надлежноста на пратениците? Ние како пратеници можеме да кажеме во рамките на нашите надлежности дадени и со Устав и со закон и со деловник, дека можеме да побараме интерпелација од одреден носител на јавна функција кој што раководел со тој сектор, или со таа институција. Но, овие кои што раководеле со овие институции уште од пред две години не се повеќе на овие функции. Што значи ние како Парламент, како пратеници не можеме ништо. Затоа сметам дека за да можеме да продолжиме да ги гледаме ваквите извештаи, ние треба да донесеме заклучок да се поднесе извештај од надлежните институции и органи како е постапувано по извештаите и наодите на Државниот завод за ревизија. Се друго можеме и три часа да зборуваме, од Извештајот ќе доаѓаме до фрапантни податоци господа. Сигурно ги гледавте. Минатите години имавме и поединечно за секој субјект каде што е вршена ревизијата. Навистина чудни работи се случувале. Но на крајот сите граѓани и со право ни забележуваат и ќе речат, во ред, констатирано имаше корупција, имаше криминал. И што сега, кој одговара? Никој. Завршуваме со тие констатации. Сметам дека затоа треба согласно оние заклучоци кои што ги предложивме од Комисијата за финансирање и буџет ние да побараме и заеднички да седнеме и со Државниот завод за ревизија и со други надлежни институции да видиме законски ли ќе го регулираме, како тоа ќе го регулираме, да изнајдеме решение да имаме ефектуирање од извештаите на Државниот завод за ревизија и санкционирање се разбира оние надлежни институции кои што се за оние кои што прекршиле закон за да не дојде до тоа, само ќе се излезе во јавноста ќе се вика,

вика, вика, и на крајот никој да не одговара. Мислам дека за да имаме смисла понатаму да разговараме за овие извештаи ќе ги имаме и во наредните години. Моето мислење е дека само тој е начинот да имаме успех и во расправата и во својата работа. Се друго мислам дека ќе биде без крајни ефекти.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал да укажам дека на време се пријавив за реплика, меѓутоа добро, вие не го констатиравте тоа. Значи, која е целта на мојата дискусија, малку ќе биде и во вид на реплика, но и на дискусија. Значи, сега е скоро 2005 година, декември 2004, поминаа цели две години од 2002 година за кои што е правен извештајот, а правен е 2003 година. Значи, веќе ова е бледо, да речам на некој начин. Затоа се приклучувам кон иницијативите овие извештаи да ги гледаме следната година во првата половина на годината, значи да се направи напор и колку што е можно, незнам од Државниот завод за ревизија тие извештаи да бидат во првата половина на следната година, ако е тоа за 2002 година, да бидат во прва половина на 2003 година. Што се однесува до 2002 година, значи беа тие влади на ВМРО-ДПМНЕ и на ДПА од една страна до 15 септември, или до 1 ноември, или 1 декември 2002 година, а од друга страна, значи после тој период на СДСМ, ДУИ и ЛДП, значи на државно ниво. На локално ниво тоа беше измешано зависно од тоа кој колку имаше од советничките листи, или од градоначалничките места. Но, мислам дека тоа не е важно. Според мене важно е тоа што ние не треба да правиме разлика за оние кои што го прекршиле законот дали се од наша, или од ваша влада, дали се од наша партија, или од ваша партија. Значи, прво криминалот треба да го гледаме во сопствените редови секој од политичките партии, па после понатаму и на државно ниво. И само така ние можеме да испливаме. Во спротивно сметам дека правиме услуга само на тие кои што не го почитуваат законот. Значи, незаконското работење е зло во светот скоро во сите држави. Значи ние сме сведоци, се движиме низ светот, читаме весници и имаме информации. Така што и Македонија не е надвор од оваа пракса. И затоа ние со сите средства и лично и институционално треба да се бориме против ова зло. Значи, практично гледајќи ги овие неправилнсоти кои што се дадени, навистина треба да се загрижиме. Независно дали 2003 ќе бидат поголеми, или помали, во секој случај тие треба да се преиспитаат. Сметам дека ова се само почетни наоди и почетна основа на Државниот завод за ревизија. Понатаму би требало согласно и на заклучоците кои што јас ќе ги прифатам, значи треба според

тие заклучоци надлежните органи да видат колку е ова основано да се спроведат одредени постапки, или е неосновано па е така само евидентирано, мислам нема основа за понатамошно гонење. Сметам дека добро е ова што Државниот завод за ревизија го прави. Меѓутоа, само би требало секогаш да се гледаат субјекти и по различни основи да се избираат за да не остане овој сомнеж дека се бираат по некоја припадност локациска, партиска, блискост, или било што. Значи од тука треба тој критериум, или тие критериуми да бидат исклучени се со цел да добиеме права слика за тоа што се случува во областа на незаконското работење на овие што се буџетски корисници, или на јавни корисници во Република Македонија.

Она што се однесува за Марија Којзеклсика како реплика, со оглед на тоа што не ми се даде. Сметам дека колешката Марија мислела на изјавата на екс премиерот Хари Костов кој јавно имаше доблест и кажа дека има корупција во Владата на Република Македонија. Значи, независно чија Влада е и каква Влада е, значи еден екс премиер, или премиер и поранешен министер за внатрешни работи да го каже тоа, сметам дека навистина е поразително и катастрофално за една држава и не би требало ние да мижиме, или да ги затвориме очите пред еден таков факт, туку напротив тоа треба да се покрене една серија од испитувања, една серија од ревизии се со цел да видиме дали е тоа вистина, или е кажано за некој политички маркетинг, маркетинг во секој случај сметам дека заслужува огромно влијание особено за Република Македонија која што се наоѓа во една многу тешка состојба.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Има збор г-динот Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Јас би сакал прво да кажам кои се мотивите зошто се јавив за дискусија по однос на оваа точка од дневниот ред. А во суштина се согласувам со вашето излагање, бидејки тоа што јас имав намера да го кажам во голем дел вие го кажавте и навистина тоа од ваш аспект стручно го констатиравте. Зошто земав збор по однос на оваа точка, бидејки се сеќавам и минатата година кога го разгледувавме Извештајот за 2001 година, знам дека временската дистанца е голема како што констатираа и сите колеги, за разлика кој период сме, а за кој период разгледуваме извештаи. Добро е некогаш да не ги премолчиме работите да кажеме нешто по однос на сето тоа.

Кога го гледавме извештајот за 2001 година, укажав и тогашн на оваа говорница на сите последици по однос на царинската управа, кај раселените лица ,

она што гледам и во овој Извештај провејува и во Агенцијата за млади и спорт . Она штпо може навистина да се констатира , сето што е овде наведено останува како констатација наведена на хартија. И, за сето тоа не се преземаат никакви активности.

Можеби она што вие го рековте г-дин потрептседателе, можеби е пожелно по однос на овие констатации што се во извештајот да иамаме и наоди од министерствата по однс на сето она што е наведено и констатирано во извештајот и така ќе можеме пак да ги гледаме работите. Од кнстатација можам да констарирам дека иако претходната година говорев за дубиозите направени во Царинската управа од претходниот директор, сега можам сосема слободно да констатирам дека истиот тој живее некаде луксузно некаде во Белград во некој луксузен стан , спие во пижами од 15 илјади денари и јаде во некои луксузни ресторани со сите тие финансиски средства кои ги има добиено во однос на неговото директорување во управата. И за сето тоа нема и не сноси никакви консеквенции и последици.

Значи, сега останува она што се системските и организациските слабости што се констатирани во точката 21 од овој Извештај, пак да апелираме по однос на Агенцијата за млади и спорт, од кој аспект јас на два пати имам доставено пратеичко прашање дека во една од тие условно 35 Сали кои требаше да се градат во Република Македонија во општина Куманово има повредено четири деца, сериозно . Јас за тоа имав и пратенички прашања, добив одговори од Владата такви какви што добивав и ништо, сето тоа се премолчуваше и поминувавме преку сето тоа, а децата и понатаму се повредуваат во сите тие руини кои што се таму по однос на таа сала која што им била ветена од претходниот директор дека ќе биде изградена.

И , за жал за сето тоа сеуште нема никаква комплетна активност.

Она што е исто така интересно да се напомене во Извештајот на страната на 57 е ревизорското мислење. Според мене тоа ќе дојде некако како и мислењето на граѓаните во Република Македонија. И овде се кажува дека реално и објективно е искажана финансиска состојба или финансиски извештај на субјектите, во 2002 година е само во осум случаи или 8,42%, тоа за жал е застрашувачки.

Од друга страна нереално или необјективно е искажана финансиска состојба или извештај, бројот е 62 или 65,26%. За жал и граѓаните потоа создаваат една таква слика. И, тука имаме незаконско користење на сресства . Во 2002 година нема , а во 2003 година имаме 19 случаи или 12,42%. И, тука навистина е тоа што можеме ние како пратеници само да апелираме и да даваме подршка на заклучоците кој се по однос на овој извештај до надлежните органи и сето ова да се истера до крај.

Ја не би сакал да се свати дека борбата против криминалот и корупцијата е селективна  и да изгледам субјективно. Гледам во извештајхот во мојата општина Куманово има направени и дубиози. И сето тоа навистина терба да се испита, и да има конечен резултат во целата таа работа. Овде се кажува јасно каде во кои институции и во кои општини има направено за таа година огромни нерегуларности.

Како за претходниот извештај и за овој јас сакам јавно да апелирам , она што се заклучоци од Извештајот посебно петиот заклучок, нашиот притисок до наделжните институции, сите овие работи да ги истуркаат до крај и навистина да делуваме како сериозна држава која сериозно се зафатила за решавање на овој наш сериозен проблем, корупцијата.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Има реплика г-динот Блаже Стојановски.

Повелете г-дине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодрам г-дине потпретседателе,

И во претходната реплика апелирав да зборуваме за конкретните субјекти и за незаконитостите кои се утврдени од државниот завод за ревизија, да не навлегуваме во политичката припадност на раководните лица затоа што факт е дека една политичка припадност е заменета со друга политичка припадност, меѓутоа наинот на работење во ништо не е сменет, за жал, во многу од овие субјекти.

Од друга страна имаме локални самоуправи што имаат директно јавна и транспарентна партиска припадност на одредени функционери, што значи дека политичката припадност на одредени личности не е на дневен ред на оваа седница. Јас се согласувам, од друга страна, дека се случуваат работи кои што имаат поведено судски постапки и тука Јавното обвинителство во многу случаи се појави како орган кој што беше активен во однос на тие постапки. Меѓутоа, во ниеден момент не се појави во орган кој што треба да одлучи кој ќе биде минисер во одредена влада и во ниеден момент не се зборуваше кој е помалку или повеќе корумпиран, туку се поведоа постапки кои што мора да имаат законска разрешница. Значи, треба да зборуваме за почитување на правото, почитување на законите и од тие причини сето она што упатува на девалвирање на одредени личности кои што без судска пресуда неможат да се прогласат виновни затоа што некој нарачал

некаков текст во некој медиум, или затоа што некој направил некоја постапка која што треба да ги оцрни тие луѓе. Значи, основната поента ми е да зборуваме за неправилностите, за нивното санкционирање, независно од тоа кој ги направил.

Благодрам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодрам г-дине Стојановски,

Контрареплика г-дине Анастасовски, повелете.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Колега, Стојановски јас во моето излагање реков дека не сакам да бидам субјективен. Јас напомнав она што го говорев за претходниот извештај, за што јавно повикав и еве можеби погрешив за тоа, бидејќи досега нема конкретни резултати по однос на сето тоа. А, од друга страна јас исто така дадов во сегашниот извештај случај кој што во мојата општина има направено тоа јас го потенцирав овде јавно и знам дека само така Република Македонија ќе биде сериозна држава, ако темелно се зафати со борба со ова зло корупцијата без разлика на партиска, етничка или било каква припадност.

Благодрам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодрам, г-дине Анастасовски,

Реплика за г-динот Мавровски од три минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

И мене исто како и г-динот Анастасовски ме интересираа овие Сали, како луѓе од спортот, но денеска е декември месец 2004 година. На пратенички прашања до Владата беше кажано дека ќе се направи финансиска ревизија за што се потрошени парите и што понатаму. Понатаму ништо. Вие кажувате за салата во Куманово, многу Сали беа при крај, останаа како што беа и за жал некои се разградени и разграбени, така да може да се случуваат уште несреќи, а 2005 година незнам кога Владата мисли да ги направи. Ако мисли да ги направи или ќе останеме и понатаму да видиме дали некогаш ќе стигнат да бидат направени.

Кажувате дека некој од тогашната власт се шетал по пижами, или имал пижами од 15 илјади, јас ве уверувам дека и сега некој има пижами од 15 илјади, дека јаде пици со 200 илјади евра, дека пие мазут или масло или нафта, но дали ќе расправаме ние во овој парламентарен состав или некој нареден после две или три години ќе покаже времето. Ете, таа е разликата, а јас го поддржувам

потпретседателот да расправаме за пред две или за пред три години. Интересно ако сега некој како премиер каже за корупција и тука се се заврши, апсолутно сите овие ревизии паѓаат во вода.

Ние сега да разговараме за 2001 година, за 2002 година, а имаме пред нас работи кои што треба да ги разговараме, мислам дека вгодина ќе имаме друга дискусија и затоа треба да се насочиме кон едно, ревизијата ако е година за година ќе треба тогаш и за тогаш да се одговара, не сега да менуваме ако не ни одговара оваа ревизија ќе најдеме други луѓе кои ќе ни направат добра ревизија. Тоа е најстрашното што може да ни се случи на сите.

Благодрам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Пред да му дадам збор на г-динот Анастасовски чувствувам потреба да објаснам за тоа како и кога да се расправа за ревизијата. Неможе веднаш ако е за 2002 година да се расправа во 2003 година. Можеби погрешно ме сватривте. За извештаите, за ревизијата направено 2002 , неја ја правеле во 2003 година и мојот предлог беше дека најрано односно најдоцна што може да се расправа е март месец 2004 година бидејќи за 2002 година ревизијата се врши во 2003 година.

Оваа разлика која што се јавува од март до декември е таа, неможе за 2002 година да расправаме во март 2003 заради тоа што ревизиите не се тогаш направени. Ова само за појаснување, се извинувам.

Повелете г-дине Анастасовски една минтуа контра реплика.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарам г-дине потрпетседател,

За жал можам да констатирам дека , еве во Агенцијата за млади и спорт и претходниот директор и сега тоа се провејува како проблем и јас на два пати апелирам во писмена форма и сето тоа уште не е санирано, за жал. Од друга страна пижамите не ги констатирав јас, тие беа напишани во претходниот извештај, јас само ги изнесов јавно оваа говорница, најверојатно човекот спие удобно во тие пицами.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-дине Анастасовски.

Следен е за дискусија г-динот Љупчо Мешков.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Благодарам г-дине потпретседател,

Сакав да реплицирам пред малку, меѓутоа бидејќи претседателот не ми даде реплика , еве земав збор накусо затоа што тоа што сакав да го кажам во главно во поголем дел беше кажано од колегите во претходните нивни дискусии.

Прво, мислам дека Државниот завод за ревизија коректно ја вршеше таа работа во текот на сите овие години и дека тоа е оној државен орган кој што најмеродавно и најкомпетентно може да каже како и на кој начин се користени буџетските сресства.

Она што во Извештајот на Државниот завод за ревизија е напишано, се разбира не е се криминал , туку таму има и одредени погрешки , има неточно, непрецизно спроведување на одредени норми, се разбира има и против законско користење на средствата, меѓутоа она што е суштински битно ние овде дискутирајќи по тие извештаи на Државниот завод за ревизија, Собранието да не се претвори во судница затоа што за тоа се надлежни други оргнаи, но затоа ние треба да дискутираме за мерки и активности што треба да бидат преземени за надминување на состојбите. Исто така да видиме што е направено со тие мерки и заклучоци што ги има донесено Државниот завод за ревизија што се упатени до државните надлежни институции. На пример што е направено за подобрување на кадровската екипираност на Државниот завод за ревизија, заклучок кој што тој го има донесено во овие свои извештаи, а што секако ја детерминира способноста и спремноста на Државниот завод за ревизија со една подобра екипирнаост, да има поголем опфат на субјети, корисници на буџетски средства со кои ќе може многу пореално и посепфатно да го прикаже користење, затоа што сега многу малку се опфаќаат субјекти корисници на буџетот. Значи, зошто не се преземаат мерки кадровски да биде екипиран тој Завод.

Сега ако се претвориме во расправии помеѓу едните и другите, злите јазици можат да кажат, па сега актуелната власт не го екипира Завотодот заради тоа што ќе дојде сега да речеме Извештајот за 2003 и 2004 година и тогаш тој екипиран може многу посеопфатно да каже како се користат тие средства.

Сакам да кажам дека ненаменско или незаконско користење на средства имало и пред 2002 година, има сега, а веројатно ќе има и во наредните години и воопшто не е битно ние да дискутираме одтука за некаков политички интерес, кој повеќе има да акцептира одредени личности или одредени субјекти во зависнот од тоа кој е интересот во мометнтот од едната или од другата страна, но мораме заеднички да се заложиме да се спроведат сите оние мерки и заклучоци што ги има

донесено Државниот завод за статискита, се разбира за да можеме да зборуваме за едно сеопфатна на државните субјекти кои што ги користат овие средства.

Инаку, во спротивно би било анахроно сега, на пример толкав интерес да покажуваме за 2002 година а на пример тоа истото да не го правиме за 2004 или 2005 година. Не мислам, се разбира, само за Државниот завод за ревизија туку за актуелните состојби. Значи, мораме сите да бидеме единствени во преземањето на тие мерки без разлика кој ги направил и во кој период се тие незаконски или неправилни користења на средства , направени дали во 2002 или во 2000-та година, или можеби во 2004 или 2005 година, кога ќе дојде на дневен ред и тоа прашање.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-дине Мешков,

Следна за дискусија се пријави г-ѓа Емилија Костадинова.

Се извинувам , реплика.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Г-дин потпретседателе, реплика, само би го корегирала г-динот Мешков кој неколку пати спомна извештај на Државниот завод за статистика, место Државен завод за ревизија. Веројатно, лапсус, сакам да се осврнам на неговата констатација тука да не се задржуваме само на меѓусебна расправија. Мислам целта заради која е поставен Извештајот за рапсрава пред Парламентот не е за меѓусебна расправија туку со оглед на показателите, на бројките , констатициите што ни се понудени во Извештајот на Државниот завод за ревизија се констатации за утврдени неправилности во смисла на трошење на буџетски средства, ненаменско користење на средствата, не постапување по јавни тендери. Потоа целта е како што многу убаво е синтетизирано во еден дел во Извештајот да се укаже и на коализијата на одредени законски прописи коишто во пракса фактички не постојат односно Владата да превземе мерки на тој домен значи има еден вид и советодавна улога.

Мислам дека поставуваето за расправа е корисно не во смисло на тоа да имаме политички препукувања туку во смисла на тоа и јавноста да слушне и да знае кои буџетски корисници , кои единици на локална самоуправа, кои фондови и дали се работи за Собранието на Република Македонија , дали се работи за Народна банка на Република Македонија  и сл. незаконски, ненаменски тошеле фактички пари на државните обврзници. А бидејќи Државниот завод за ревизија тоши државни средства , се финансира од буџетот, вред е значи тука да проговориме и за

извештајот , односно и за работењето и на Државниот завод за ревизија што исто така е составен дел на тој Извештај. Значи тоа што беше кажано , што беше констатирано дека не треба тоа да е една таква расправа политичка, туку расправа во смисол на тоа и пошироката јавност да биде информирана за сите тие аномалии , односно неправилности, будејќи ако се изостави оваа расправа тука, ако тој Извештај не биде поставен на дневен ред тогаш кој е смисолот и која е целта за постоењето на тој Државен завод за ревизија. И покрај констатациите што беа кажани дека касно се поставува за разгледување на парламентарна расправа, сепак не е касно во смисол на тоа да има и една позитивна улога, една советодавна улога. Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам Г-ѓа Костадинова .

Контра реплика од г-динот Мешков.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Беше реплика, затоа што во најголем дел од репликата сме на иста позитивна линија , значи се согласуваме во најголемиот дел , меѓутоа она што најмногу сакав да го потенцирам е дека едната страна на Извештајот е да укаже , точно така на незаконското користење на средствата , но ако погледате и во Извештајот има институции каде што е кажано дека средствата се наменски и согласно законските прописи тошење, значи не е само тоа, туку Државниот завод за ревизија го контролира трошењето на средствата дали е законско или незаконско. Таму кај што има законско користење тој констатира дека се законски користени средствата, значи тој пред се има намена да види како и на кој начин се тие тие средства користени.

Но она што сакав да го потенцирам беше да се задржиме малку и на оние мерки што ги предлага Државниот завод за ревизија прецизирање на пример во законските процеси во законите, во одредени решенија, за да може идните исто така да не прават грешки.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-дине Мешков.

Следен за збор се јави пратеникот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Благодарам господине потпретседател,

Јас би сакал да се задржам на страница 77 од Извештајот - констатации - заклучоци од годинешниот извештај за извршените ревизии за работата на Државниот завод за ревизија за 2003 година.

Мислам дека тоа е клучното и во излагањето на директорот на Државниот завод за ревизија многу работи беа навестени пред се како идни активности на овој Завод и сега зависи од кој агол ние како пратеници го гледаме Државниот завод за ревизија. Дали го гледаме во една црна хронична скандализирачка функција или го гледаме во функција на контрола на трошењето на наменско и законско користење на буџетските средства, пред се, како превентива потоа како укажување, на крајот како соочување со фактите и разговори со луѓето кои работат по нашите буџетски корисници и на крај преземени мерки и активноста за поднесување одредени констатирани нерегуларности, незаконитости до соодветните органи, а тоа е Владата на Република Македонија и министерствата кои се задолжени пред се Министерството за внатрешни работи во неговиот оддел кој го следи работењето финансискиот аспект на контролата што го прави Државната ревизија.

Значи, ако имаме позитивен пристап, ако разбереме што е целта на нас како пратеници нашата цел во овој законодавен дом кога ги читаме сега заклучоците е да овозможиме унапредување на кадровската структура во Државната ревизија. Овозможување независен буџет, овозможување поголеми можности за контрола на што поголем број државни корисници. Позитивната димензија и доверба во Државниот завод за ревизија дека тој професионално, стручно, екипирано, компјутеризирано и со сите елементи на модерна технологија ќе го контролира, ќе укажува, ќе помага буџетските корисници да ги надминат недоследностите и незаконските прописи кои постојат во многу закони во Република Македонија и постои неусогласеност при толкувањето на користењето на средствата од страна на буџетските корисници во услови кога имаме сиромашен буџет и тие се соочени со многубројни проблеми.

Ако така го гледаме Извештајот на Државната ревизија, ако така го разбереме укажувањето на директорот на Државната ревизија кој укажа на начинот, методологијата, претпоставките и идните проекти на Државниот завод за ревизија, тогаш ние како Собрание треба да дадеме доверба на овој Извештај, да го усвоиме, на таков начин да ги усвоиме и заклучоците со тоа да бидеме свесни дека овие заклучоци од број 1 до број 7 обврзуваат и не обврзуваат нас како Собрание, ја обврзуваат и Владата на Република Македонија тој Завод да работи под максимален капацитет со оптимални финансиски услови, со оптимална кадровска

структура и на таков начин ќе овозможиме навистина, тука пак ќе кажам, за разлика од многу други кои Македонија ја гледаат можеби како земја на не знам каква корупција и криминал, можам само да кажам дека Македонија во однос на многу други соседни држави и во однос на многу други европски држави, па е светски држави можеме да кажеме и да гледаме во позитивна димензија дека нашите институции, ако сакаме граѓаните да ги почитуваат, не можеме цело време да ги скандализираме, црнохронички да ги снабдуваме само со скандали и вести дека таа институција или конкретно тој буџетски корисник не чини, едноставно треба да дадеме и дигнитет на функцијата како на Државниот завод за ревизија така на сите буџетски корисници и на таков начин Република Македонија, ако сама е убедена во своите капацитети, тогаш полесно ќе може да се справи со проблемите со кои се соочува целиот свет. Ако ние тука во Собранието наметнеме една психологија дека во Република Македонија од овој или оној политички дискурс, оваа или онаа политичка коалиција, се случуваат вакви или такви работи, тогаш ние едноставно самите себе си ја рушиме институционалната основа на која почива државата и градиме систем на недоверба на граѓаните во системот во сите негови институции и на таков начин се доведуваме и ден денеска да дискутираме за ставки во кои Државниот завод за ревизија по функција ја снабдел Владата на Република Македонија, обезбедил доволно докази, обезбедил доволно инструменти со кои ќе се покренат постапки кои надлежното Министерство за внатрешни работи ќе ги покрене по процедура, а потоа и Обвинителството и сите натамошни фактори и институциите на системот во Република Македонија.

Сакам да потенцирам дека ние како Собрание треба да му дадеме доверба на овој Извештај, да го поткрепиме, да се избориме сите овие предвидени мерки, констатации да бидат имплементирани во наредните години и со еден дигнитет кон Државниот завод за ревизија, кон неговиот тим што раководи и работи да обезбедиме во иднина Република Македонија да може да каже дека превентивно ги сузбива сите аспекти на елиминирање на можните недоследности при почитување на доста шупливите прописи во одделни области на работењето во Република Македонија од административен аспект кој допрва треба да се надградува, а тука Државниот завод за ревизија со своите укажавања помага.

Тоа ми беше целта на дискусијата и ако така го гледаме, јас ќе гласам за усвојување на овој Извештај на Државниот завод за ревизија на Република Македонија и сметам дека ќе придонесеме сите овие заклучоци да помогнат во иднина овој Државен завод за ревизија да ја врши безпрекорно работата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

На почетокот сакам да истакнам дека ќе го поддржам Извештајот и сакав да го истакнам и пофалам залагањето на Државниот ревизор во смисла на изработка на Извештајот и на нас пратениците ни ја олеснува работата и на оние кои по занимање не сме економисти, не се бавиме со таа проблематика, да ни биде појасно што се случува во државата и како се трошат парите на граѓаните.

На почетокот да истакнам дека ќе ги поддржам заклучоците, се согласувам со сите досегашни дискутанти околу заклучоците единствено со заклучокот број 5 кој гласи: Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата на Република Македонија да преземе мерки за одговорност на лицата во институциите кои вршеле незаконска употреба на јавните средства утврдени со Годишниот извештај во Државниот завод за ревизија во 2003 година.

Исто таков заклучок постоеше и во минатиот извештај за 2001 година, но до ден денес гледаме дека пак се повторува истиот извештај.

Единствено од сите дискутанти не се согласувам со колегата Коце Трајановски кој истакна дека во 2002 година постоеле две Влади и тоа е точно.

Сакам да ги информирам колегите, а голем дел од нив знаат, дека од март месец добивме конечен извештај на Државниот ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Владата на Република Македонија за 2002 година. Во овој извештај е дадена комплелтната забелешка и тоа доста добро и доста аналитично на Државниот ревизор и во точката 5 пишува дека финансиските извештаи на овој конечен извештај се изготвени во согласност со прописите кои важат во Република Македонија и истите претставуваат одговорност на раководствата на субјектот од точка 1, а тоа е Владата и тоа застапувана од Љубчо Георгиевски, претседател на Владата на Република Македонија од 20.09.2000 година до 28.11.2002 година и Бранко Црвенковски, претседател на Владата на Република Македонија од 28.11.2002 година до 31.12.2002 година. Значи, да не правиме забуна кај граѓаните, овој Извештај се однесува за работата на Владата на Бранко Црвенковски само за месец дена.

Исто така сакам да нагласам дека цел на ревизијата на финансиските извештаи на конечниот извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење и тоа

дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултат на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

Второ, дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни приходи и расходи.

Сега, во точката 10 се дадени поодделни позиции каде ревизорот утврдил наоди и тоа интересни наоди за јавноста, а мислам и за вас почитувани колеги.

Во точката 10.1 стои: во текот на 2002 година исплатен е месечен паушал, надоместок на бирани и именувани лица во вкупен износ од 5.760.000 денари, но ревизорот констатирал дека не може да ја утврди законската поткрепа и поврзаност на посочените луѓе со одлука како тоа да се исплати. Значи, нема одлука, а исплатени 5.760.000 денари.

За одбележување на ставката 10.3.1 - патни и дневни трошоци кажува дека неосновано се евидентирани трошоци по неосновано исплатени средства во износ од 8.587.000 денари. Тоа е исплатено на лица кои не се вработени во Владата.

Понатаму Државниот ревизор констатира дека за ниту едно од овие лица Владата на Република Македонија писмено не го регулирала покривањето на патните трошоци со соодветен документ.

Понатаму на овие патувања покрај службените ручеци и вечери купувани се парфеми, облека, обувки и се друго што следува на овие службени патувања. Можете да замислите што се друго следува.

Поради сето тоа што го изнел ревизорот констатирал дека ревизијата се сомнева во реалноста и објективноста на патните и дневни трошоци за вкупен износ од 11.341.000 денари. Вие колеги слободно можете да ги сметате во евра.

Ставка 10.33 - материјали е проценета на вкупен износ 3.006.000 денари како разни набавки од кои можам да ги извадам тоалетни води, набавка на копија, тоа е во ред, на крајот вели признаени се сметкопотврди во кои нема потписи, опис на стока, количина, цена или печат од добавувачот. Значи, секој може се да си напише и да си подигне пари.

Понатаму вели ревизијата утврди дека сите канцелариски материјали во текот на годината ги примал и издавал домаќинот без да направи документација за влез и излез на материјалите. Значи сето тоа што е набавено од материјали сега сигурно го нема, ако не целото, половина гарантирано.

За договорни услуги е проценета на вкупен износ 9.881.000 денари и државниот ревизор констатирал неосновано исплатени трошоци по склучени договори, па така нам ни се случуваше лица вработени со договор на дело во Министерството за внатрешни работи да не прислушкуваат во аферата прислушување. (Дофрлување од место).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам имате реплика ова е за Извештајот за 2002 година само подеталниот од март месец, ова е само апстракт.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Господине претседателе уште еднаш очигледно на колегите не им е јасно за што зборував, ова е конечниот Извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Владата на Република Македонија за 2002 година. Колеги пратеници овој Извештај вие го добивте во март оваа година. (Пратеникот Којзеклиска дофрлува од место).

Тоа е буквално на дневен ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам имате реплика, точно во тој Годишен извештај и Владата е обработена, тоа е тој материјал.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Колешке Којзеклиска ова е дел од овој Годишен извештај, од ова што сте го добиле само вие не сте го читале затоа што не ви одговара. (Реакција од страна на пратениците од опозицијата).

Има една ставка вели направени се трошоци по основ на нарачана изработака на уметнички слики, рачно сликани марами, откупени уметнички слики и изработка на посребрени орнаменти во вкупен износ од 203.000 денари. За целта и намената на овие нарачки Државниот ревизор, за жал, не можел да најде документација, а што е уште повеќе за жал ниту Службата при Владата не сакала да му овозможи на Државниот ревизор достап на документацијата. Заклучокот е дека истата ја нема. (Пак реакција од страна на пратениците).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Токму така 2003 година ќе дојде на дневен ред.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Па ревизорот констатира дека ревизијата не можела да утврди за кои потреби каде се наоѓаат предметите, бидејќи не и беше доставена на увид било каква пишана евиденција за тоа, доколку таква евиденција постои.

Купените уметнички предмети не се евидентирани во пропишаните конта во билансот на состојбите на Владата на ден 31.12.2002 година.

Понатаму, минатата година во април месец на седница на Собранието на пратенички прашања поставив едно прашање за потрошени средства за извршени угостителски услуги во Делчево на тогашниот премиер Љубчо Георгиевски во вкупен износ од 8.165.000 денари односно за Делчево се однесуваат 2.286.000 денари, за жал, господине претседателе, да ве известам до ден денес јас не добив одговор на пратеничкото прашање. Пратеничкото прашање беше поставено по основ на овој конечен Извештај на Државниот ревизор, но Владата не најде прилика да ми одговори. Фирмите се посочени, ревизорот точно утврдил колку пари, но нема никаква документација.

За да ги запознаам моите колеги во салата можам само да ве информирам, колку имам информација, само за една вечер во август месец во еден ресторан во Делчево се изедени 196 килограми сладолед. (реакција од страна на пратениците). За тоа полицијата води постапка, има документи.

Во истата ставка почитувани колеги од 8.000.000 денари извршени се и набавки на луксузни производи. Дали Државниот ревизор, сигурно господинот Тошевски ќе се произнесе дали има критериуми кои се луксузни производи а кои не се, а овде пишува луксузни производи тоа се парфеми, очила за сонце, вратоврски, ташни и слично. Очила ни требаат, а ташни на претходната Влада и беа многу потребни и за тоа потрошиле 459.000 денари.

Една интересна работа вели исплатени се средства од 1.097.000 денари на набавувач на скапи и луксузни часовници и тоа 37 парчиња. Колегите од ВМРО-ДПМНЕ може да ни се пофали некој ако има од овие парчиња на саати.

Вели други оперативни трошоци ставката е проценета на 752.000 денари која се однесува на поединечни набавки на уметнички слики во масло, длабоки резби во дрво, музејски предмети, орнаменти, филиграни и слични репрезентативни материјали.

Повторно, за жал, ревизијата не доби на увид поткрепувачка документација од која би се утврдила испораката или приемот на истите, целта и намената на извршените набавки.

Во една ставка 10.5 Државниот ревизор констатира дека “со увид во начинот и примената на постапките за јавните набавки, ревизијата утврди дека е постапено спротивно на Законот за јавни набавки во вкупен износ од 16.994.000 денари”. Потоа

ги опишува сите набавки што се извршени, односно што не се извршени согласно со Законот за јавни набавки.

Сега, на крајот, ќе дојдеме до истата констатација како што почнав, на предлог-заклучоците што ги нуди државниот ревизор. Тој ги има понудено и во овој конечен извештај на Владата и добро работите ги има наведено, се што треба да направи Владата.

На крајот, сакам да заклучам. . .

(дофрлање од пратениците на пратеничката група на ВРМО-ДПМНЕ)

Ако вие е интересно, можам и да продолжам по ставките.

(дофрлање од страна на пратеничката група на ВРМО-ДПМНЕ)

Госпоѓо Којзеклиска, ако сте многу заинтересирани да побарам да се продолжи седницата за 4 часа, ќе ви кажам многу работи покрај набавките и од моите лични сознанија.

На крајот, почитувани колеги ќе ги поддржам и констатациите и заклучоците, особено Заклучокот број 5., од што би произлегло што се треба да се стори, не само да ја задолжиме Владата, туку од овде произлегува дека би морале да предложиме и измени на Законот за јавни набавки, бидејќи има и таму проблеми, а најмногу околу одговорноста на одговорните лица за трошење на државните пари.

И на крајот, сакам да поставам едно прашање на колегата Караџоски, како претседател на Комисијата за финансирање и буџет, зошто овој конечен извештај на Владата, на ревизорот за финансискиот извештај односно малерзации на Владата во 2002 година не ги разгледала Комисијата за финансирање и буџет.

Благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Трајановски, имате реплика?

Повелете, имате три минути, а потоа е госпоѓа Којзеклиска.

КОЦЕ ТРЈАНОВСКИ:

Благодрам, претседателе,

Со оглед на тоа што бев спомнат во дискусијата на претходниот говорник, јас би сакал да кажам дека тоа што го кажа за 2002 година, постоеле две влади, значи на државно ниво, покрај тоа кажа дека и на локално ниво постоеле градоначалници од различни и сеуште постојат и ќе постојат од различен пресек на време, меѓутоа, само сакам да потенцирам дека за правење на одредено незаконите работење

доволен е и еден ден, а камо ли повеќе од месец дена колку што владата на дотичниот господин беше на власт во 2002 година.

Затоа, не треба да прави обиди за амнестирање во тој период, бидејќи во Ивештајот не е нагласено за кој месец што и како е правено. Затоа и скоро сите дискутанти започнуваа, со исклучок на претходниот дискутант дека ние треба да се бориме против корупцијата, независно од која Влада доаѓа, независно дали е сопствената Влада, дали е другата Влада, меѓутоа, очигледно некој има друга констатација. Но, ќе дојде извештајот за 2004 година, што Хари Костов многу убаво тоа го потенцираше, па ќе видиме дотичниот господин дали ќе чита или ќе избега од салава или нема да биде присутен.

А, за тоа дека од 1998 до 2002 година, дека тогашната Влада сакала, значи во најмала рака да се евидентираат одредени неправилности, на страна 72 можете да видите дека овој Државен завод за ревизија е екипиран за прв пат во 2000-та година. Значи, до 1998 година, беа на власт 8 години или колку беше, па не се обидоа да го направат Државниот завод за ревизија. Можеби сега, ако би имале, да речам, пракса повеќе од 15 години, можеби би биле поквалитетни во евидентирањето на тоа. Значи, 2000 година за прв пат се вработуваат 33 вработени во Државниот завод за ревизија и од вгодина во година нивнот број расте. Уствари, предвидени се 33, вработени се 17, така што сега имаме 60, предвидени се 90, се надевамдека следната година ќе бидат уште повеќе. Меѓутоа, тоа што е значајно а би сакал да потенцирам тоа дека Државниот завод за ревизија исто така треба да ги испрати своите укажувања до владата, да покрене постапки и во следната фаза колку од нивните укажувања, на колку укажувања Владата направила интервенции или повела постапки.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се согласувам г-дине Коце Тарјановски дека за еден ден може да се направат незаконитости. Но сакам да го видам тој јунак што 170 кг сладолед може за еден ден да изеде.

Повелете г-дине Апостоловски, имате една минута.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодарам, г-дине претседателе.

Почитуван колега Трајановски, јас ништо не зборувам напамет. Се што зборувам зборувам аргументирано и сега ќе ви кажам точно од дата до дата кога Државниот ревизор извршил ревизија во 2002 година. И тоа, ревизијата е извршена

во период од 20. 08. 2003 година, до 26.09.2003 година. Значи, извршена е ревизија на работењето на Владата. Тука нема дилеми. Тоа државниот ревизор го напишал во извештајот.

Другата работа што сакам да ја кажам, јас така дискутирам и не се плашам. Ќе дискутирам и по извештајот за нашата Влада можеби ќе бидам и пожесток. Ниту ќе бегам, ниту имам здравствени проблеми, ниту менувам политички опции. Ќе бидам тука задолжително за наредниот. . .

(Времето од една минута предвидено за контрареплика поминува).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-ѓо Којзеклиска имате три минути.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодрам, претседателе,

Мојата реплика делумно ќе биде насочена кон колегата Никола Апостоловски, дел можам да ја кажам процедурална забелешка, затоа што ние сме на точката 23 од дневниот ред која гласи, Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија. Таков годишен извештај, Државниот завод за ревизија има доставено до нас. Колегата Апостоловски цело време зборуваше за делови, читаше ставки од конечниот извњештај што ни бил доставен на нас пратениците во март месец. Значи, сметам дека колегата избега од темата, вие не го вративте и тоа е едната работа и не можете да не убедите дека не е така.

Втората работа, оние ставки што ги кажуваше колегаа, јавни набавки, сладоледи, марами, ваму-таму, ќе дојде и годишниот извештај за 2003 година, за 2004 година, па тогаш ќе ги соочиме фактите и аргументите кој повеќе трошел или како трошел.

Благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прво да одговорам на процедуралната забелешка.

Не сте во право г-ѓо Којзеклиска, бидејќи Годишниот извештај што е овде на дневен ред е сублимат што е поголема и поширока работа и нешто што е одработено. Господинот Апостоловски, се служел со материјали што доаѓале а се во врска со оваа точка на дневниот ред.

Дали тоа значи дека ако немаме ние извештаи дека ништо не се случува или не се случува во оваа држава по било кој основ?

Второ, искрено да ви кажам, пред година дена овде имавме многу бурна седница во врска со еден универзитет каде што се читаше елаборат, исто така не беше точка од дневниот ред, туку беше сосема друг закон.

Според тоа, г-дине Апостоловски, сите ние учиме во ова Собрание.

Повелете г-дине Апостоловски.

А, јас притоа не дадов никаква забелешка процедурална, дури мислев дека е тоа дел од расправата по тој закон, како што е сега дел од расправата по годишниот извештај.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе, што им одговоривте во мое име. . .

(пратеникот Мавровски бара збор процедурално).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Причекајте, г-динот Мавровски, бара збор процедурално.

Повелете г-дине Мавровски, само процедурално.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Само процедурално.

Во врска со тетовскиот универзитет и тоа што беше елаборат што тука се прочита, апсолутно во темата и основањето на Тетовскиот универзитет, зза кој што . . .

(Дофрлање од страна на пратениците на СДСМ).

Господине Кондарко, ќе ве молам ако сакате малку тишина, бидејќи претседателот спомнува некои . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам господине Мавровски, ова не е процедурално, ова е реплика на мојот коментар. Ќе ви дадам можност за реплика на моето.

СПИРО МАВРОВСКИ:

А, што има Тетовскиот универзитет со ревизијата сега?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, генерално зборувам. Закон си е закон. Извештај си е извештај. Јас не зборувам за тоа.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Како дигресија е во ред. Се извинувам претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Апостоловски, имате една минута реплика.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодрам, почитуван претседателе,

Вие одговоривте во мое име околу извештајот, зошто јас читав од него и спомнував бројки.

На госпоѓата којзеклиска можам да и кажам да го погледне извештајот, конечниот извештај ќе ги види последните три страни, дадени се во годишниот извештај. Од конечниот извештај во годишниот. Очигледно вие не ги разбирате работите. Не ги разбирате. Прочитајте си ги.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Караџоски имате реплика.

А, се јавувате за расправа? Добро. Вратете го назад на листингот.

Повелете г-дине Стојановски, имате збор, а потоа годинот Караџоски.

Само, имате 9 минути време.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

За разлика од претходниот дискутант јас нема да зборувам колку се почитува Законот во Кондово и тие работи што се случуваат, повеќе ќе зборувам за темата што е на дневен ред, а тоа е извештајот на Државниот завод за ревизија, затоа што тоа треба да биде загрижувачко за сите нас, со оглед на фактот дека според сите наоди што ги има извршено Државниот завод за ревизија, над 58% од извршените ревизии, во над 50% од овие ревизии, Државниот завод за ревизија, Државниот ревизор има изразено негативно мислење, по однос на негативноста и реалноста на презентирањето на финансиските извештаи.

Одговорни лица за презентирање на финансиските извешта се лица кои треба стручно, совесно и квалитетно да си ја вршат својата работа, што значи дека овде станува збор за една друга проблематика, а тоа е пред се функционирањето на државната управа, функционирањето на јавната администрација и начинот на внатрешната контрола и начинот на нејзиното функционирање.

Факт е дека на вакви лоши бројки и состојби во оваа област не може Државниот завод за ревизија, самиот да одговори на сите потреби и во сите институции да изврши вакви контроли, меѓутоа и факт е дека сите органи кои се надлежни во својот домен треба да придонесат за надминување на овие состојби.

Исто така, во над 30% од реализираните ревизии, државната ревизија има изразенпо резерва во однос на утврдениот број позиции од финансиските извештаи или различно мислење за примената на прописите од страна на менаџерските тимови во однос на третманот на конкретно назначените прашања. Тоа што значи?

Тоа значи дека законите се применуваат на различен начин. На еден начин се утврдени од страна на државната ревизија а сосема на друг начин се третирани од страна на менаџерските тимови што располагале со тие средства.

Од овие причини, сметам дека се измести суштината на дискусијата, за тоа што бројот на килограми сладолед итн., навистина не е тема за која што треба да разговараме. Од тој аспект сметамдека треба да се сочува дигнитетот на Собранието, кога се зборува на оваа тема, затоа што кога зборуваме тука за сладолед многу повеќе заличуваме на:"К-15", отколку на законодавен дом што треба да држи до својот дигнитет.

Од друга страна, увидот врз примената на прописите, употребата на јавните средства и суштинското решавање на прашањата и проблемите на кои што се однесува овој извештај на државната ревизија навистина треба да бидат суштина на проблематиката што се третира.

Значи, со оглед на сите оние конечни ревизорски извештаи, каде што е сублимиран бројот на извршени контроли, видот на субјектите каде што се извршени тие контроли, не се напишани одговорните лица, за жал, па затоа се зборува паушално. Не може да се зборува политички на оваа тема, туку може да се зборува дали е во согласност со Законот тоа што е направено. Значи, овие извештаи, наодите што ги даваат треба да се поправат, исправат и да несе повторуваат.

Затоа сметам дека е неопходно да се истакнат организационите и системски слабости за кои што зборуваше и државниот ревизор а се она за кое што ние тука, како Парламент, пред се да обрниме внимание. Значи, државниот ревизор наведе дека е се почеста констатацијата дека утврдените слабости во работењето на субјектите што се прдмет на државната ревизија се, меѓу другото и резултат на нефункционирањето на системот на интерни контроли и затоа е неопходно воведување на внатрешна ревизија што треба да претставува независна, објективна активност за осигурување и консалтинг, со цел да се придонесе во подобрување на работењето на субјектите што се предмет на ревизија.

Значи, ова е во контекст со ова што претходно го кажав, дека државната ревизија не може да ги реши слабостите што се утврдени со овој извештај, меѓутоа укажува на кој нажин може да се подобри таа ситуација, или да се надминат тие слабости. Еден од начините е воведувањето на интерна ревизија која што интерна ревизија треба да покаже дека тоа што претставува слабост кај одговорните лица за водењето на сметководство за реализација на законските прописи, треба да биде прдмет на контрола од страна на внатрешна ревизорска екипа, која што ќе може да

укаже на одговорните лица за целосното и доследно почитување на законите и реализација на трошењето на буџетските средства.

Понатаму, како една друга системска слабост се одобрените средства врз основа на разни програми што се донесени од страна на Владата или од други меѓународни фондови и организации, а кои не се користат врз основа на утврдените намени со програмите и утврдените критериуми за распоред на истите овие средства, поради што и не може да се обезбеди објективност во изборот на крајните корисници.

Не се почитува транспарентноста при користење на средствата од програмите, и условите и критериумите за користење на средствата. Значи, се остава еден огромен простор за волонтаристичко однесување, големи дискрециони права, можности, што директно поттикнуваат и коруптивни однесувања, меѓутоа и самиот факт за недоволна транспарентност, доволно покажува ека се нема и доволна волја тоа да оди на начин што е предвиден и во согласност со начинот и условите под кои што се одобруват овие средства и од страна на Владата и од страна на стрнски донаторски организации и од други извори на средства.

Понатаму, факт што е констатиран од страна на државната ревизија е дека не е воспоставен систем на интерна сметководствена и организациска контрола која што обезбедува рагграничување на должностите и одговорностите во извршувањето на задачите и располагање на средствата. Со други зборови не се знае кој штот реба да направи и не се  знае кој одговара за кои средства. Со тоа, нормално, правилниот проток на документацијата станува проблематичен, ажурноста на деловните настани не е како што треба, правилното искажување на обврските и побарувањата за одреден временски период за кој што тие се однесуваат не се изведува на законски начин и на тој начин се констатираат слабости што навистина значат дефинитивно многу лош впечаток и за јавноста и за меѓународните институции. Затоа што сме свесни дека и според Препораките од светската банка има насоки за подобрување на ситуацијата во оваа област.

Сметам дека, исто така, и неуредното и неажурно водење на сметководствената евиденција и на пропишаните сметководствени политики што, како што вели државната ревизија се резултат и на некомпетентноста на финансискиот менаџмент и на лицата кои се назначуваат како сметководители, се дел од причината за ваков ревизорски извештај, односно за вакви онстатации.

Потоа, не се спроведуваат мерките за целосен и квалитетен попис, согласно со Правилникот за попис, заради утврдување на фактичката состојба и нивната

локација. Значи, не може да се утврди материјалната одговорност на лицата кои ракуваат со имотот, ниту пак може да се врши задолжување на определени лица со точно утврден кусок. Оттаму, не се обезбедува ниту правилна примена на одредбите од Законот за буџетите што се однесуваат на постапките предвидени при буџетирањето и изготвувањето на финансиските планови, постои двоен систем на евидентирање на средствата . . .

Господине Стојаноски, 17,00 часот е.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

И, сите проблеми што произлегуваат од овие слабости е Извештајот што како краен го имаме добиено, а факт е дека сладоледот на г-динот Апостоловски навистина не е нешто за кое што треба да зборуваме.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам.

Пред да ја затворам седницата само еден мал коментар.

Господине Стојаноски, се согласувам со вашата констатација за смислата и целта на овој Извештај и за дигнитетот, само колку вчера слатко се насмеавте кога стана збор за менување на полот по хируршка интервенција зошто и тоа е исто така прашање на дигнитет на Собранието. Така што, не го правете тоа што не сакате на вас да ви се прави.

Денеска прекинуваме со работа, продолжуваме во четврток во 10,00 часот со оваа седница, а потоа ќе продолжиме, кога ќе ја завршиме оваа со 82 седница, со Законот за стопанска комора.

(Седницата прекина со работа во 17,03 часот)